# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

# „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ – Радовиш,

# учебна 2025/2026 година

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД 4

- Лична карта на училиштето 7
- Општи податоци за училиштето 8
- Просторни услови 10
- Материјално-технички услови 11
- Мапа на училиштето 11
- Структура на училиштето 12
- Наставен кадар 12
- Степен на образование 13
- Старосна структура на вработени 13
- Ученици 13
- Преглед на вкупен број ученици / паралелки 15
- Вкупен број на ученици опфатени во продолжен престој 17

МИСИЈА И ВИЗИЈА 17

МОТО НА УЧИЛИШТЕТО 18

ВРЌЕ НАУЧЕНО / СТЕКНАТИ ИСКУСТВА 20

ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 21

ПЛАН НА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ 22

КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 24

НАСТАВА 26

РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ 26

ПРЕГЛЕД НА СТРУЧНИ АКТИВИ И ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ ВО УЧИЛИШТЕТО 27

ВИД НА НАСТАВА 29

ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО 31

УПОТРЕБА НА ИТК ВО НАСТАВАТА 31

ОЦЕНУВАЊЕ 31

СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА 33

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ 34

ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Постигање на учениците 38
- Општ успех на учениците 38
- Преглед на изостаноци на учениците 40

ЦЕЛИ КОИ БЕА РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ 41

СОВЕТОДАВНИ И ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ 41

ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО 42

РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО 44

УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО 45

РАСПОРЕД НА ДЕЖУРСТВО ЗА НАСТАВНИЦИТЕ 46

ДОЛЖНОСТИ НА ДЕЖУРНИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ 47

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ 48

ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО 51

КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 53

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ 55

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ 56

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ 60

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ДЕФЕКТОЛОГ/СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР 65

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА 70

РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА НА ОДДЕЕЛЕНСКИТЕ СОВЕТИ 72

РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ 75

ВОДИЧ НА НАСТАВНИКОТ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС 76

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР 76

ПРОГРАМА ЃТО ЈА РЕАЛИЗИРАЊЕ СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ 78

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ 79

РЕАЛИЗИРАН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПАРЛАМЕНТ И УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА 80

ЕКО ПРОЕКТ 81

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА САСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО 83

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА 87

КУЌЕН РЕД 89

ПРАВИЛНИК ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕДОВНОСТА, ОДСУСТВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД НАСТАВА И ЗА ВИДОТ НА ПЕДАГОШКИТЕ МЕРКИ 91

ПЕДАГОШКИ МЕРКИ 92

РЕЗИМЕ ИЛИ КРАТОК ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ООУ„КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ – РАДОВИШ 96

**Извештај за работата и постигнатите резултати на**

**ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш,**

**за првото полугодие од учебната 2025/2026 година**

# ВОВЕД

Основното Општинско Училиште „Крсте П. Мисирков“ Радовиш, согласно Законот за основно образование (сл. Весник на Р. С. Македонија бр. 161/19 и 229/20) и Статутот на училиштето на седницата на Училишниот одбор која беше одржана на 17.07.2025 година ја донесе Годишната програма за работа училиштето во учебната 2025/2026 година која беше доставена до Локалната самоуправа на Општина Радовиш и Бирото за развој на образованието.

Основното Општинско Училиште „Крсте П. Мисирков“ Радовиш како дел од единствениот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е од јавен интерес. Поаѓајќи од целите и задачите на воспитанието и образованието на Република С .Македонија како и од своето место и функција во единствениот систем на воспитанието и образованието во учебната 2025/2026 година ги реализира целите и задачите на основното училиште.

## Појдовна основа врз која е изготвена Годишната програма

Планирањата изработени за работа на основното општинско училиште „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш, а поместени во годишната програма на училиштето се темелат врз:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони: www.pravo.org.mk ; www.eduligje.mk; www.eduzakoni.mk; www.slvesnik.com.mk )
- Под- законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Наставните планови и програми од Бирото за развој на образованието, https://www.bro.gov.mk/ ,Концепција за деветгодишно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од претходната година
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалуација, од самоевалуација, програма за развој, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

Секое програмирање на работата на училиштето беше основано според потребите, начинот, ширењето и длабочината на реформирањето на современото училиште. Ако мисијата на секое училиште ја одразува неговата сегашност, а визијата неговата иднина, тогаш со училишното развојно планирање се определува стратегијата со која ќе се достигне визијата. Со годишните планови и програми за работата на училиштето се прават чекори напред кон остварувањето на планот за развојот на училиштето. Денеска секое училиште треба да одговори на современите барања од промените во науката, техниката, технологијата, економијата, културата и.т.н. Со постепено надминување на соодветните потешкотии учениците ги усвојуваат културата на учење, културата на работа, на однесување, на вреднување.

Стекнување нови знаења и вештини од природата, општеството и човекот.

Воспитување во духот на човековите права и други демократски вредности.

Задачи на воспитно-образовната дејност во училиштето

Развивање љубов и почит кон ТАТКОВИНАТА, духовни вредности и богатства.

Социјален и емоционален развој.

преку

Учењето го поттикнува и стимулира развојот на потенцијалите и можностите кои ученикот ги има во себе.

Развивање на истражувачки дух и зголемување на интересот за стекнување нови знаења.

Создавање навики за здрав начин на исхрана и грижа за животната околина.

Оптимален развој на учениците без разлика на нивната полова, етничка, социјална итн. припадност.

Успешно завршување на основното образование и постигнување на националните стандарди

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО







ООУ„Крсте Петков Мисирков“

Радовиш

Подрачно училиште с. Коџалија

Подрачно училиште с. Калаузлија

**Општи податоци за училиштето**

**Основно Општинско училиште „Крсте Петков Мисирков“ Радовиш**

Во централното училиште наставата се изведува во една училишна зграда (пуштена во употреба од февруари 2008 год.) со вкупно користени простории 31. Училиштето работи во две смени, започнувајќи наутро од 7:30 до 13:00 (прва смена) и попладне од 13:15 до 18:35 ч. (втора смена).

| **Име на училиштето** | **„Крсте Петков Мисирков“ (централно)** |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | Бул. Александар Македонски бб Радовиш, Радовиш |
| **телефон** | 032/635-247 |
| **е-маил** | kmisirkov@yahoo.com |
| **основано од** | МОН |
| **Верификација- број на актот** | 09-3995/2 |
| **Година на верификација** | 2002 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски и турски |
| **Година на изградба** | 2008 |
| **Тип на градба** | тврда |
| **Површина на објектот** | 3000 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 4000 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 760 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 51 |
| **Број на смени** | две |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме |
| **Датум на добиен статус** | 2011 г. |

**Подрачно училиште с. Коџалија**

Училиштето во с. Коџалија исто така е изградено од тврда градба и располага со три училиници, една наставничка и една помошна просторија. Во неа учат ученици од прво до петто одделение од населените места Коџалија и Аликоч. Учениците се распределени во пет паралелки, односно секое одделение во посебна паралелка.

| **Име на училиштето** | **„Крсте Петков Мисирков“ (подрачно)** |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | с. Коџалија, Радовиш, |
| **е-маил** | kmisirkov@yahoo.com |
| **основано од** | МОН |
| **Верификација- број на актот** | 09-3995/2 |
| **Година на верификација** | 2002 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Турски |
| **Година на изградба** | 1976 |
| **Тип на градба** | тврда |
| **Површина на објектот** | 250 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 1200 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Дрва |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 5 |
| **Број на смени** | две |

**Подрачно училиште с. Калаузлија**

Во почетокот на 2022 година во ова подрачно училиште благодарение на турската невладина организација „ТИКА“, исто така со подршка на ЕЛС-Општина Радовиш беше пуштена во употреба нова зграда. Наставата се изведува на турски наставен јазик во четири паралелки со ученици од пет одделенија.

Учениците од трето, четврто и петто оддееление учат во посебни паралелки, додека учениците од прво и второ одделение учат во една комбинирана паралелка.

| Име на училиштето | „Крсте Петков Мисирков“ (подрачно) |
|---|---|
| адреса, општина, место | С. Калаузлија, Радовиш, |
| е-маил | kmisirkov@yahoo.com |
| основано од | МОН |
| Верификација- број на актот | 09-3995/2 |
| Година на верификација | 2002 г. |
| Јазик на кој се изведува наставата | Турски |
| Година на изградба | 2021 |
| Тип на градба | тврда |
| Површина на објектот | 100 м2 |
| Површина на училшниот двор | 500 м2 |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училиштето | Дрва |
| Број на одделенија | 5 |
| Број на паралелки | 4 (3 чисти и 1 комбинирана) |
| Број на смени | две |

**Просторни услови за работа на училиштето**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 3 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| Бруто површина | 9770 |
| Нето површина | 3310 |
| Број на спортски терени | 1 |
| Број на катови | 2 |
| Број на училници | 35 |
| Број на помошни простории | 9 |
| Училишна библиотека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Парно на дрва |

**Материјално- технички услови**

| Материјално технички услови | |
|---|---|
| **Компјутери** | |
| **Лаптопи (за наставници)** | 83 (за секој наставник) |
| **Лаптопи (други)** | 11 |
| **ЛЦД проектори** | 4 |
| **Смарт табли** | 35 |
| **Опремени кабинети** | 15 |
| **Спортска сала со опрема** | 1 |

**Мапа на училиштето**




Во централното ООУ „Крсте Петков Мисирков“ просториите се наоѓаат на приземје и два ката со 3 влеза од кои едниот службен, едниот за спортската сала и еден главен влез за учениците. Секој кат има WC за учениците, посебно за наставници и во секоја училница има мијалник со чешма.

Учениците од прво до петто одделение се сместени на приземје и први кат, додека кабинетите дел се на приземје и на први кат, а поголемиот дел на вториот кат.

Во подрачните училишта училниците се на приземје.

Во централното основно училиште има спортска сала лоцирана веднаш до училиштето.

**Структура на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Николова Невенка-претседател<br>Тања Митева Карталова-родител<br>Александра Илиева Трајанова-родител<br>Кемалетин Дестанов-наставник Марика Димитриева-наставник<br>Мевљуда Асанова-наставник<br>Александра Ангелов-од општината |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | (по еден родител од секоја паралелка) |
| **Стручни активи (видови)** | ● Стручен актив на одделенска настава<br>● Стручен актив од општествено-јазично и естетско подрачје<br>● Стручен актив од природно-математичкото и информатичко подрачје<br>● Стручен актив по физичко и здравствено образование и спорт |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | 86 |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици)** | Претседателите на одделенијата 61 |

**Наставен кадар**

| **Одд.** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 107 | 26 | 51 | | | 18 | 12 | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 86 | 19 | 40 | | | 16 | 11 | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 15 | 4 | 8 | | | 2 | 1 | | | | |
| **Директор** | 1 | 1 | | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | 87 |
| **Виша стручна спрема** | 5 |
| **Средно образование** | 1 |
| **Основно образование** | 14 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 6 |
| **31-40** | 27 |
| **41-50** | 48 |
| **51-60** | 20 |
| **61 – пензија** | 7 |

## Ученици

| Одделение | Македонски јазик | | Турски јазик | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** |
| I | 59 | 29 | 58 | 32 | 117 | 61 |
| II | 60 | 31 | 81 | 38 | 141 | 69 |
| III | 45 | 20 | 71 | 41 | 116 | 61 |
| IV | 64 | 32 | 74 | 20 | 138 | 52 |
| V | 61 | 28 | 64 | 36 | 125 | 64 |
| **I-V** | **289** | **140** | | **167** | **289** | **307** |
| VI | 64 | 30 | 52 | 22 | 116 | 52 |
| VII | 83 | 46 | 58 | 22 | 141 | 68 |
| VIII | 74 | 39 | 61 | 30 | 135 | 69 |
| IX | 47 | 21 | 54 | 31 | 101 | 52 |
| **VI-IX** | **268** | **136** | **225** | **105** | **493** | **241** |
| **I-IX** | **557** | **276** | **225** | **272** | **782** | **548** |

**Централно основно училиште**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | Ж | м | Ж | м | ж |
| **I** | 5 | 96 | 29 | 27 | | | 16 | 24 | | | | |
| **II** | 5 | 118 | 27 | 28 | | | 37 | 27 | | | | |
| **III** | 4 | 82 | 21 | 19 | | | 20 | 22 | | | | |
| **I-III** | **14** | **296** | **77** | **74** | | | **73** | **73** | | | | |
| **IV** | 6 | 100 | 31 | 30 | | | 27 | 12 | | | | |
| **V** | 5 | 99 | 29 | 27 | | | 16 | 27 | | | | |
| **VI** | 6 | 124 | 25 | 27 | | | 44 | 28 | | | | |
| **IV-VI** | **17** | **323** | **85** | **84** | | | **87** | **67** | | | | |
| **VII** | 7 | 136 | 30 | 33 | | | 36 | 37 | | | | |
| **VIII** | 6 | 102 | 22 | 21 | | | 27 | 32 | | | | |
| **IX** | **20** | **379** | **84** | **90** | | | **104** | **101** | | | | |
| **VII - IX** | **51** | **998** | **246** | **248** | | | **264** | **241** | | | | |

**Подрачно основно училиште с. Коџалија**

| одд | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 1 | 14 | | | 5 | 9 | | | | |
| **II** | 1 | 21 | | | 11 | 10 | | | | |
| **III** | 1 | 25 | | | 8 | 17 | | | | |
| **IV** | 1 | 25 | | | 18 | 7 | | | | |
| **V** | 1 | 20 | | | 12 | 8 | | | | |
| **I - V** | 5 | 105 | | | 54 | 51 | | | | |

**Подрачно основно училиште с. Калаузлија**

| одд | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж |
| **I** | * | 9 | | | 5 | 4 | | | | |
| **II** | 1 | 3 | | | / | 3 | | | | |
| **III** | 1 | 10 | | | 6 | 4 | | | | |
| **IV** | 1 | 14 | | | 10 | 4 | | | | |
| **V** | 1 | 7 | | | 4 | 3 | | | | |
| **I - V** | 4(1комб) | 43 | | | 26 | 17 | | | | |

**Наставен јазик**

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик- турски** |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 30 | 30 |
| **Број на ученици** | 557 | 573 |

Преглед на вкупен број ученици / паралелки **(чисти)**
во првото полугодие од учебната 2025/26година

**( македонски наставен јазик)**

| **Училиште** | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | | **II** | | **III** | | **IV** | | **V** | | **I-V** | | **VI** | | **VII** | | **VIII** | | **IX** | | **VI-IX** | | **I-IX** | |
| | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч | пар | уч |
| **Централно I-IX** | 3 | 59 | 3 | 59 | 3 | 45 | 4 | 63 | 3 | 61 | **16** | **287** | 3 | 65 | 4 | 83 | 4 | 74 | 3 | 47 | **14** | **269** | **30** | **556** |
| **Коџалија I-IX** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Калаузлија I-V** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 3 | 59 | 3 | 59 | 3 | 45 | 4 | 63 | 3 | 61 | **16** | **287** | 3 | 65 | 4 | 83 | 4 | 74 | 3 | 47 | **14** | **269** | **30** | **556** |

Преглед на вкупен број ученици / паралелки **(чисти)**
во првото полугодие од учебната 2025/26 година

**( турски наставен јазик)**

| **Училиште** | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | | **II** | | **III** | | **IV** | | **V** | | **I-V** | | **VI** | | **VII** | | **VIII** | | **IX** | | **VI-IX** | | **I-IX** | |
| | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч |
| **Централно I-IX** | 2 | 37 | 2 | 59 | 1 | 37 | 2 | 36 | 2 | 38 | **9** | **207** | 3 | 59 | 3 | 58 | 3 | 62 | 3 | 54 | **12** | **233** | **21** | **440** |
| **Коџалија I-V** | 1 | 14 | 1 | 21 | 1 | 25 | 1 | 25 | 1 | 20 | **5** | **104** | | | | | | | | | **0** | **0** | **5** | **104** |
| **Калаузлија I-V** | * | 9 | 1 | 3 | 1 | 10 | 1 | 14 | 1 | 7 | **3** | **31** | | | | | | | | | **0** | **0** | **3** | **31** |
| ВКУПНО | **3** | **51** | **3** | **80** | **3** | **71** | **4** | **75** | **4** | **65** | **17** | **342** | **3** | **59** | **3** | **58** | **3** | **62** | **3** | **54** | **12** | **342** | **29** | **684** |

**П Р Е Г Л Е Д**

На вкупен број запишани ученици во **комбинирани паралелки**
во ООУ„Крсте П. Мисирков“-Радовиш во учебната 2025/26 год.

| Училиште | I | | II | | III | | IV | | V | | **ВКУПНО I-V** | | VI | | VII | | VIII | | IX | | **ВКУПН VI-IX** | | **ВКУПНО I-IX** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | У | П | У | П | У | П | У | П | У | **П** | **У** | П | У | П | У | П | У | П | У | **П** | **У** | **П** | **У** |
| Централно училиште | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Коџалија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Калаузлиј | * | 9 | 1 | 3 | | | | | | | 1 | 12 | | | | | | | | | | | **1** | **12** |
| **Вкупно** | | **9** | 1 | 3 | | | | | | | **1** | **12** | | | | | | | | | | | **1** | **12** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**На вкупен број ученици опфатени во продолжен престој**

| Одделение | Број на ученици |
|---|---|
| I одд. | 22 |
| II одд. | 18 |
| III одд. | |
| **Вкупно** | **40** |

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

Мисија на училиштето

Училиштето е институција која постои за реализирање на воспитно-образовната дејност на учениците од прво до деветто одделение.

Нашето училиште има цел, има мисија и се стреми кон остварување подобри услови во воспитно-образовниот процес.

Нашето училиште во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година обезбеди:

- ❖ Еднакви права и можности за сите ученици.
- ❖ Можности за стекнување знаења и способности, развивајќи ја свеста за почитување на меѓусебните права и размислувања.
- ❖ Работна средина каде постоеше грижа и поддршка која овозможи докажување на индивидуалните способности на секој ученик.
- ❖ Работна средина каде постоеше грижа и поддршка, во која персоналот ја развиви и зајакна индивидуалната ефикасност и задоволство од работата.
- ❖ Поттикнување на етиката и климата на взаемна поддршка во која што сите активно беа вклучени во остварување на училишната мисија.
- ❖ Стимулативни и иновативни искуства на учениците, на кои им се пренесе пораката за учење и им се овозможи чувство на задоволство и сигурност во училиштето.
- ❖ Поттикнување на развојот на интелектуалните, емоционалните, естетските и практичните вредности на учениците, за да можат тие да го достигнат својот максимум во општеството.

### Изјава на мисијата

Мисијата на нашето училиште за време на првото полугодие од учебната 2025/2026 година беше:

- Да го поттикнеме и обезбедиме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, самоевалуација и самокритичност;
- Да ја развиеме свеста за почитување на меѓусебните права и размислувања;
- Да го негуваме меѓусебното разбирање и почитување;
- Да работиме на високи етички стандарди, користејќи современа образовна технологија и поттикнувајќи доверба и почитување на начин што заслужува доверба од нашите ученици и нивните родители, нашите вработени.

| |
|---|
| Нашето училиште претставува образовна, дисциплинирана и безбедна средина во која сите можат да научат. |

# Мото на училиштето
# Мотивација, знаење, успех – ги постигнуваме!

**СЛОГАНИ**

- **Луѓето избираат сигурен пат, не е важно колку е долг тој пат, ако знаат дека ги води таму каде што сакаат да стигнат – кон успехот**
- **Училиштето е мој втор дом**
- **Училиштето е наш приоритет**
- **Училиштето е нашиот прозорец кон светот**
- **Училиштето е видикот на мојата иднина**
- **Училиштето е темелот на мојот живот**
- **Да воспитуваш треба да си воспитан**
- **Да образоваш треба да си образован**

## Визија на училиштето

Визијата на вработените во нашето училиште е безбедна, сигурна средина со уредени кабинети, нова изградена и уредена спортска сала, богати збирки на нагледни наставни средства, неопходна литература и се што е потребно за учениците да можат да се здобијат со неопходни знаења, а наставниците успешно да ја организираат и реализираат наставната програма.

Нашето училиште е отворена, демократска средина во чие постоење и успеси се вклучени директорот, стручните соработници, наставниците, учениците, родителите и локалната средина – сите за најдоброто на идните генерации.

### Изјава на визијата

Визијата на нашето училиште е да создадеме безбедна, хармонична и дисциплинирана средина во која учениците ќе бидат задоволни, затоа што нашето училиште нуди современа, ефикасна и квалитетна настава прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците, локалната заедница и државата.

# ВЕЌЕ НАУЧЕНО / СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Во изработка на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во нашето училиште.

Годишната програма за работа на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ беше изработена врз основа на:

- Анализи и заклучоци од Самоевалуацијата на работата на училиштето и План за развој на училиштето;
- Анализи и препораки од Училишниот одбор;
- Анализи и искуства од работењето на наставнички совет, одделенски совет, стручни активи, инклузивен тим и реализацијата на програмата за професионален развој на наставниот кадар;
- Искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми, позитивните искуства со реализација на концептот за деветгодишно образование;
- Новите стекнати знаења ги имплементиравме во планирање, подготовки и реализација на наставата и воннаставните активности во нашето училиште;
- Имплементација на: Програми за имплементација на еколошката едукација во образовниот систем, придобивките од употребата на училишните Кодекси и правилници, критериуми и етички кодекси на оценувањето
- Продобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и воннаставните активности беа патоказ во подготвувањето и техничката изведба на годишната програма на ООУ ,,Крсте Петков Мисирков“ за работа во учебната 2025/2026 година.

## ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Согласно проекцијата направена во Годишната програма за следните подрачја на промени, приоритети и цели може да кажеме дека успешно се постигнаа:

- Подобрување и осовременување на наставните и воннаставните планови и програми по реализираните обуки за стручно усовршување на наставниот кадар за успешно вклопување и реализирање на наставните содржини, прилагодени на потребите и интересите на учениците, наставниците, родителите, локалната заедница и државата, согласно сите измени во законот за основно образование, со цел за постигнување што поголеми резултати;

- Во училиштето и оваа учебна година се спроведува проширена програма со 2 паралелки за продолжан престој во кои се опфатени ученици од прво до трето одделение;

- Успешно користење на компјутерите и смарт таблите во наставата и водење на е-дневникот од страна на секој наставник;

- Поголема соработка и средби на родителите со училиштето (индивидуални средби со секој наставник), за да им се помогне на учениците – нивните деца за создавање позитивни чувства кон учењето, редовноста, како и здобивање со работни навики, скромност во нивните барања, со еден збор подобра иднина на секое дете.

- Задоволување на потребите за комплетна опременост на кабинетите, комплетно опремена спортска сала – се што е потребно за полесно усвојување на знаењата и пријатно чувство во училиштето.

- Инсталирана е мрежа за искористување на сончевата енергија, со што нашаето училиште стана енергетски ефикасно.

- Согласно поставените приоритети во Годишната програма на училиштето може да бидеме задоволни од направеното и оствареното освен во делот со едносменското работење кое за сега е неизводливо за нашите услови, меѓутоа со оптимизацијата во образованието може да полагаме надеж дека во блиска иднина и ќе се оствари.

**„Целта ни е да прераснеме во современо и ефективно училиште“**

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможиме на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасна карактеристика, да усвојат знаења и умееења за природата, општеството и човекот и да се оспособуваат за нивната примена во животот.

## ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

- **Критериум за успех**

Критериумите за успех во наставата по задолжителните предмети беа застапени низ целото прво полугодие, бидејќи наставата по задолжителните предмети претставува содржинска основа на нашето основно училиште. Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд на часови за секој наставник и предмет беше утврден со наставниот план и програма. Наставниот кадар редовно ги следеше промените и движењата настанати во првото полугодие од учебната 2025/2026 година и истите ги усогласуваше за полесно едуцирање, слободата и индивидуата на детето.

- Оспособување на детето за перманентно учење и живот;
- Ученикот да научи;
- Ученикот да ги совлада методите, техниките и постапките.

Наставниците во првото полугодие од учебната 2025/2026 година посветија внимание на:

- Перманентно учење преку неговата творечка работа и честите контакти ученик – наставник – родител;
- Внесување на иновации (активна настава преку интерактивно учење, групен облик на работа, работа во парови или тандем, работа по катчиња, итн.)
- Скратување на содржини кои се непотребни.

Тоа беше реализирано со цел да се оценат и определат афинитетите, желбите, потребите, интересите, склоностите и способностите на учениците и така полесно учениците да се насочат кон развој на нивните индивидуални потенцијали.

- **Инструменти**

Како инструменти кои беа реализирани во првото полугодие од учебната 2025/2026 година се: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, протоколи за

набљудување, потсетник за водење на интервју и опсервации

- **Индикатор за успешност**

Просекот на оценките е покачен, се намалил бројот на слаби оценки но, имаше зголемена соработка со родителите и зголемен број на различни видови стратегии за оценување.

## Календар за работа за учебната 2025/26 година

### ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2025

**СЕПТЕМВРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| III | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| IV | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| V | 29 | 30 | | | | | |

**ОКТОМВРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| II | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| III | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| IV | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| V | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

**НОЕМВРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | 1 | 2 |
| II | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| III | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| IV | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| V | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

**ДЕКЕМВРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II | 8 | 9 | 1 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| II I | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| IV | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| V | 29 | 30 | 31 | | | | |

### ВТОРО ПОЛУГОДИЕ 2026

**ЈАНУАРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| II | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| III | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| IV | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| V | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

**ФЕВРУАРИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | | 1 |
| II | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| III | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| IV | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| V | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |

**МАРТ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | | 1 |
| II | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| III | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| IV | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| V | 23<br>30 | 24<br>31 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

**АПРИЛ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| II | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| III | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| IV | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| V | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

**МАЈ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | 1 | 2 | 3 |
| II | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| III | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| IV | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| V | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

**ЈУНИ**

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II | 8 | 9 | 10 | | | | |
| III | | | | | | | |
| IV | | | | | | | |
| V | | | | | | | |

| ЛЕГЕНДА |
|---|
| ПРАЗНИЦИ |
| ЗИМСКИ И ЛЕТЕН РАСПУСТ |
| |

| | |
|---|---|
| 1 СЕПТЕМВРИ – ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА | 30/31 МАРТ - РАМАЗАН БАЈРАМ |
| 8 СЕПТЕМВРИ – ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА | 10 АПРИЛ – ВЕЛИКИ ПЕТОК |
| 11 ОКТОМВРИ - ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ | 13 АПРИЛ - ПРВ ДЕН ВЕЛИГДЕН |
| 23 ОКТОМВРИ - ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА | 1 МАЈ - ДЕН НА ТРУДОТ |
| 18 НОЕМВРИ – ПАТРОНАТ – 2025/2026 | 24 МАЈ - ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ |
| 8 ДЕКЕМВРИ - СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 27 МАЈ- КУРБАН БАЈРАМ |
| 19 ЈАНУАРИ - ВОДИЦИ | |

| | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 4 | 5 | 3 | 3 | 2 | 34 |
| ВТОРНИК | 5 | 4 | 3 | 5 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 37 |
| СРЕДА | 4 | 5 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 5 | 4 | 2 | 38 |
| ЧЕТВРТОК | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 5 | 4 | 1 | 36 |
| ПЕТОК | 4 | 5 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 3 | 4 | 1 | 35 |
| | 21 | 22 | 19 | 21 | 9 | 20 | 21 | 20 | 19 | 8 | 180 |

# НАСТАВА

Наставата во училиштето се реализираше според законот за основно образование и програмите и упатствата дадени од БРО и МОН. Наставната година започна на 01.09.2025 година, а првото полугодие заврши на 31. 12. 2025 година. Зимскиот распуст за учениците започна на 01. 01. 2026 година и траеше до 19.01.2026 година. Наставата во училиштето се одвива на македонски и на турски наставен јазик. Во централното училиште има 30 паралелки на македонски наставен јазик, а на турски јазик 21паралелка. Во двете подрачни училишта во с. Коџалија и с. Калаузлија наставата се одвива на турски наставен јазик и има 9 паралелки од кои една е со



комбинирана настава.

## РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ

За времетраењето на училишните часови и одморите во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ -Радовиш за првото полугодие во учебната 2025/26 година.

Врз основа на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Куќниот ред, распоредот и времетраењето на наставните часови и одморите се регулира на следниот начин:

| | ПРВА СМЕНА | | ВТОРА СМЕНА | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЧАС | ПОЧЕТОК НА ЧАСОТ | КРАЈ НА ЧАСОТ | ПОЧЕТОК НА ЧАСОТ | КРАЈ НА ЧАСОТ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОДМОРИТЕ |
| 1 | 7:30 | 08:10 | 13:15 | 13:55 | 5 мин |
| 2 | 8:15 | 08:55 | 14:00 | 14:40 | 20мин |
| 3 | 09:15 | 09:55 | 15:00 | 15:40 | 5 мин |
| 4 | 10:00 | 10:40 | 15:45 | 16:25 | 5 мин |
| 5 | 10:45 | 11:25 | 16:30 | 17:10 | 5 мин |
| 6 | 11:30 | 12:10 | 17:15 | 17:55 | 5мин |
| 7 | 12:15 | 12:55 | 18:00 | 18:40 | 5 мин |

Настава од прво до петто одделение ја реализираа наставници по одделенска настава, но и предметни наставници по одредени предмети (англиски, физичко и здравствено образование, техничко образование, природни науки и итн ).

Наставата од шесто до деветто одделение ја изведуваат предметни наставници и истата се одвиваше и реализираше во кабинети.

# ПРЕГЛЕД НА СТРУЧНИ АКТИВИ И ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат 86 наставника, педагог, психолог, секретар, библиотекар и директор на училиштето.
За хигиената се ангажирани 15 хигиеничари.

| Стручни активи | Стручна спрема | Име и презиме на извршителот |
|---|---|---|
| Прво одделение | ВСС | Лидија Манева |
| | ВСС | Живка Ицова |
| | ВСС | Сенка Б. Ѓозева |
| | ВШС | Мевљуда Асанова |
| | ВСС | Пинар Амушева |
| | ВСС | Вејиз Шерифов |
| | ВСС | Еџе Арифова |
| Второ одделение | ВСС | Малинка Петровска |
| | ВСС | Олгица Стојанова |
| | ВСС | Светлана Чапова |
| | ВСС | Фиген Салиова |
| | ВСС | Агим Арифов |
| | ВСС | Фирдес Алиова |
| | ВСС | Еџе Арифова |
| Трето одделение | ВСС | Елена Божинова |
| | ВСС | Валентина Лазарева |
| | ВСС | Светлана Василева |
| | ВСС | Нежла Амет |
| | ВСС | Мемет Абдураманов |
| | ВСС | Јашар Сулиман |
| Четврто одделение | ВСС | Билјана Соколова |
| | ВСС | Ванчо Ѓоргиев |
| | ВСС | Билјана Ѓоргиева |
| | ВСС | Ана Тамаќарова |
| | ВСС | Кемалетин Дестанов |
| | ВСС | Емел Мемишева |
| | ВСС | Ибраим Алиов |
| | ВСС | Усеин Алиов |
| Петто одделение | ВСС | Александар Чаракчиев |
| | ВШС | Весна Костадинова |
| | ВСС | Лујза Спасова |
| | ВСС | Ремзи Абдураманов |
| | ВСС | Сенем Еминова |
| | ВСС | Селбије Зекир |
| | ВСС | Билент Зуберов |
| Македонски јазик и турски јазик | ВСС | Верица Спасова Исаиловска |
| | ВШС | Томе Постолов |

| | | |
|---|---|---|
| | ВСС | Гордана Здравкоска |
| | ВСС | Димчо Здравев |
| | ВСС | Лина Тодоров |
| | ВСС | Сердар Арифов |
| | ВСС | Семра Нанушева |
| | ВСС | Јилмаз Шерифов |
| Англиски јазик , германски јазик | ВСС | Силвана Андонова |
| | ВСС | Соња Митева |
| | ВСС | Билјана Спасова |
| | ВСС | Марија Иванова Газепова |
| | ВСС | Митко Ристов |
| | ВСС | Билјана Ивановска |
| | ВСС | Јулија Свирков |
| | ВСС | Николина Р. Петрова |
| | ВСС | Виолета Бехлимова |
| | ВСС | Фенчо Петровски |
| | ВСС | Февзи Салиов |
| Математика и физика | ВСС | Јулија Ефтимова |
| | ВСС | Хулија Али |
| | ВСС | Сања Тодорова |
| | ВСС | Билјана Илиева Наунов |
| | ВСС | Тања Коцева |
| | ВСС | Блаже Ангелов |
| | ВСС | Павле Петров |
| Биологија, Хемија | ВСС | Тони Ангелов |
| | ВСС | Зорка Христова Трајкова |
| | ВСС | Марјана Илкова |
| | ВСС | Невенка Маринковска |
| | ВСС | Севгин Абдиев |
| Географија, Историја | ВСС | Татјана Ѓозева |
| | ВШС | Марика Димитријева |
| | ВСС | Дејан Бибовски |
| | ВСС | Герасим Митев |
| | ВСС | Румена Горгиева |
| | ВСС | Шабан Дервишев |
| Техничко образование, Информатика | ВСС | Магдалена Коцева |
| | ВСС | Зорка Ангелова |
| Физичко и здравствено образование | ВСС | Дарко Милентијевиќ |
| | ВСС | Иван Лефков |
| | ВСС | Марјан Шарковски |
| | ВСС | Коце Ангелов |
| | ВСС | Дестан Дестанов |
| | ВСС | Фазли Алиов |
| Музичко образование и ликовно образовние | ВСС | Анита Ципушева |
| | ВСС | Александар Ицов |
| | ВСС | Илија Милчов |
| Психолог | ВСС | Татјана Митева |
| Педагог | ВСС | Марија Долдурова |
| Библиотекар | ВСС | Кристина Митева |
| Дефектолог | ВСС | Игор Евтимов |

## Вид на настава

Наставата опфаќа задолжителни наставни предмети. Покрај задолжителната настава во училиштето се изведуваше и реализираше и изборна настава, дополнителна настава и додатна настава.

Задолжителната наставата се реализираше според наставниот план и програмите за воспитно-образовна дејност. Наставата по задолжителните предмети се изведуваше за сите ученици од I - IX одд. Таа опфаќаше содржини од областа на:

- јазикот и литературата,
- математика,
- природните науки,
- општествените науки,
- информатиката и техниката,
- физичкото и здравственото образование,
- уметничкото образование и сл.

Целите, задачите и содржините на наставата по одделни наставни предмети се одредуваат со наставните програми, што секој наставник ги има во своите годишни планирања, и ги реализира како такви во првото полугодие од 2025/2026 година. Врз основа на тоа се врши и оценувањето.

### Изборна настава

Изборната настава ова полугодие во нашето училиште се реализираше согласно интересите на учениците утврдени во април претходната учебна година и Водичот за слободни изборни предмети. Беше реализирана програмата за следниве изборни предмети:
IV одд. - Моделарство, креативни идеи- направи сам;
Vодд. – Природните убавини на мојата татковина;
VI одд. – Етика во религиите, Сosвездија и светлосно загадување ;
VII одд. – Учам за моето здравје, Глобално затоплување и климатски промени;
VIII одд. – Учам за моето здравје, Музиката и другите науки и уметности;
IX одд. – Унапредување на здравјето.

Целите, задачите и содржините на наставата по изборни предмети секој наставник ја реализира од своите годишни распределенија.

### Дополнителна настава

Дополнителната настава се организираше за ученици кои покажале континуирано слаби резултати во учењето во текот на првото полугодие од 2025/2026 година, и кои се соочиле со повремени тешкотии, или пак

побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржини кои се изучуваат во оваа полугодие. Заостанувањето и тешкотиите во наставата може да се последица од повеќе причини и да се појавуваат во различни форми и во различни временски периоди. Затоа е реализирана дополнителната настава која како соодветна помош им беше потребна на учениците.

Секој наставник ја планираше дополнителната настава согласно потребите на учениците, а родителите уредно беа известени за потребата нивното дете да да ја посетува.

**Додатна настава**

Додатната настава во училиштето се организира и реализира со учениците кои има потреба од проширување и продлабочување на знаењата по поедини наставни предмети, дисциплини и области. Во неа беа вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја. За распоредот за изведување на додатна настава учениците беа информирани преку одделенските раководители.

**Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани деца**

Секој наставник, по потреба имаше изработено идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, во која беа вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко-психолошката служба. Секој наставник спроведуваше разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности. Тоа се работеше со цел за подготовка за натпреварите кои следат во второто полугодие.

**Индивидуализирани програми за работа со деца со посебни потреби**

Уште на почетокот на првото полугодие задача на секој наставник беше доколку забележи ученик со посебни образовни потреби да ја извести педагошко-психолошката служба, која се јавува како одговорно лице при работата со деца со посебни потреби. Педагошко-психолошката служба заедно со училишниот дефектолог беше во тесна соработка со предметните, односно одделенските наставници на тие деца и континуирано се работеше со нив.

**ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Проекти кои се реализираат во моментов во училиштето се следиве:

1. „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ Здружение за ассистивна технологија „Отворете ги прозорците“ ;

## Употреба на ИТК во наставата

Во нашето училиште редовно се применувше и реализираше ИКТ во наставата, а со цел за подобрување на квалитетот на истата. Секој наставник одделно во своите годишни и тематско-процесни планирања беше задолжен да предвиди и реализира ИКТ содржини, за што на располагање му беа компјутерите со кои се опремени кабинетите во нашето училиште. Во училиштето има 35 паметни табли кои наставниците секојдневно ги користат.

## ОЦЕНУВАЊЕ

## Видови оценување и календар на оценување

Постигнувањата на учениците во првото полугодие од тековната учебната 2025/2026 година се вреднуваа со примена на различни стратегии на оценување, а оцените кои ги имаа добиено учениците беа одраз на нивното залагање за време на часот.

За таа цел беа употребени следниве видови начини на оценување:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината).

**УСНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Определувањето на бројчаната оценка се вршеше според постигнувањата на ученикот во однос на **запомнување и репродуцирање** на наставните содржини, **разбирање и сфаќање** на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, **примена** на научените содржини во **конкретни задачи со познати и нови елементи**, како и повисоките интелектуални способности на **анализа, синтеза и вреднување**, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

**Бројчаната оценка се утврдувше на следниот начин:**

- Оценка доволен два (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во

наједноставни задачи.

- Оценка добар три (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.
- Оценка многу добар четири (4) - занењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

Оценка одличен пет (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ**

После секоја тематска целина се проверуваше степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири(4) и од 85% до 100% оцена пет (5).

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Како процес се реализираше на самите часови преку кој учениците и така наставниците го согледуваат степенот на совладување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**

Следеше како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се изврши на крајот на првото полугодие.

## СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Училиштето постојано врши следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Во тоа е вклучена педагошко психолошка служба, како и сите наставници од одделенска и предметна настава.

Успехот, поведението и редовноста на учениците во училиштето се следеше во текот на целото полугодие од страна на одделенските раководители, наставниците и училишниот педагог, психолог и дефектологот. Периодично и по потреба, извештаите и анализите за успехот на учениците се разгледуваа пред стручните органи во училиштето (Наставнички и Одделенски совет, Советот на родители, Училишниот одбор.)

# ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## Училишен спорт

Во училиштето на учениците во првото полугодие во учебната 2025/2026 година на располагање им беа понудени следниве училишни спортови: кошарка, фудбал, одбојка, кои работат редовно преку УСК ,,Крсте П. Мисирков,,. Одговорните наставници ги реализираа своите програми за работа, постојано ги подготвуваа учениците за учество на спортски настани, турнири, натпревари и слични настани.

Покрај наставата во училиштето се реализираат и воннаставни активности преку

- Секции и слободни ученички активности
- Смотри и натпревари;

Организираност на учениците во општествено – хуманитарна работа

## Секции и слободни ученички активности

Во согласност и почит кон психофизичките способности, интелектуалните можности и физичката спремност, во учелиштето учениците имаа можност во текот на првото полугодие да избираат и реализираат заедно со наставниците ученички секции според својот интерес и потреба.

Наставниците-координатори на секциите имаа изработено програми за следниве секции и слободни ученички активности:

1. ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА –одг.нас.Верица С. Исаиловска
2. ДРАМСКА СЕКЦИЈА – одговорен наставник Томе Постолов
3. ЉУБИТЕЛИ НА МУЗИКАТА - одг.нас.Анита Ципушева
4. ЉУБИТЕЛИ НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК-одг.нас.Фенчо Петрески
5. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ МАТЕМАТИЧАРИ-одг.нас.Јулија Ефтимова
6. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ –одг.нас.Марика Димитријева
7. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ГЕОГРАФИЧАРИ –одг.нас.Татјана Ѓозева
8. ЛИКОВНА СЕКЦИЈА –одг.нас.Илија Милчов
9. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ФИЗИЧАРИ –одг.нас.Блаже Ангелов
10. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ БИОЛОЗИ –одг.нас.Тони Ангелов
11. СЕКЦИЈА НА МЛАДИ ХЕМИЧАРИ-одг.нас. Зорка ХристоваТрајкова
12. СПОРТСКА СЕКЦИЈА-одг.нас. Марјан Шарковски

| Вонаставна активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| Свечен прием на првачињата | 01.09.2025 | Ученици, наставници |
| Свечено доделување на сертификати на учениците и наставниците кои учествуваа на двонеделна интеркултурна размена во Швајцарија. | 06.10.2025 | Ученици, наставници, одговорни на проект |
| Поетско-сценски и музички рецитал по повод Денот на независноста на Република Македонија | 10.09.2025 | Ученици, наставници ментори |
| Активност „ Подари униформа“ | 18.09.2025 | Ученици, родители |
| Активност во рамките на Европската недела на мобилност | 19.09.2025 | Ученици, наставници |
| Едукативно предавање на учениците од прво одд. на тема „ Правила на малите пешаци“ од страна на МВР | 25.09.2025 | Претставници од МВР |
| Активности по повод Недела на детето | 01-10.10.2025 | Ученици, наставници |
| Свечена приредба по повод зачленување на првачињата во Детската организација, под мотото „Правата на детето – безбеден чекор кон среќно детство“, | 09.10.2025 | Ученици, наставници |
| Реализирање на Есенски Ден | 10.10.2025 | Ученици, наставници |
| Одбележување на светскиот ден на храната | 16.10.2024 | Ученици, наставник Зорка Х. Трајкова |
| Завршна активност за следење на ефектите од интеркултурната размена на нашите ученици во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија | 17.10.2025 | Ученици од седмо одд.,одговорни наставници |
| Бирање на ученички правобранител | 29.10.2025 | Ученици, одговорни наставници за ученичката заедница |
| Активности по повод 6-ти ноември, Ден на град Радовиш | 06.11.2024 | Ученици, наставници |
| Учество на литературен и ликовен конкурс на тема „ На градот мој Радовиш-песна му пеам“ во организација на ОНБ„ Браќа Миладиновци“ Радовиш | 11.11.2025 | Ученици, наставници, |
| „ Здрави навики за сите“ | 13.11.2025 | Ученици од I-2 одд, наставник Живка Ицова |
| Активност „ Разговор со поетот“ | 14.11.2025 | Ученици, поетот Мумин Али |

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на патрониот празник на нашето училиште | 18.11.2025 | Ученици, наставници, родители, гости, соработници од заедницата |
| 20 ноември, светски ден на детето „ Во каков свет сакаш дда живееш“ | 20.11.2025 | Ученици, наставници |
| Активности за одбележување на Денот на лицата со пречки во развојот под мотото „ Во нашето училиште секој ден е 3 декември, ден на еднакви можности за сите ученици“ | 03.12.2025 | Ученици, наставници |
| Едукативно предавање за опасноста на пиротехнички материјали | 12,15.12.2025 | ОВР-Радовиш |
| Посета на биохемиска лабораторија | 15.12.2025 | Ученици од VII-4, наставник Зорка Х. Трајкова |
| Учество на четвртата ОРАТОРСКА ВЕЧЕР „ Тишината слушаше, а зборовите зборуваа“ | 17.12.2025 | Ученици од IX одд., наставници ментори |
| Новогодишни работилници на ниво на одделение | 16,17,18.12.2025 | Ученици, наставници, родители |
| 21 Декември- Ден на турската настава во Македонија | 21.12.2025 | Ученици, нставници |
| Новогодишен базар „Да подариме љубов“ | 23.12.2025 | Ученици, родители, нставници |
| Учество во новогодишната програма организирана од Општината | 26.12.2025 | Ученици, нставници, родители |
| Учество на настан во рамки на проект за воведување и реализирање на формалното образование за ученици на болничко лекување, организиран од здружението „САНО“, поддржан од МОН и БРО | 26.12.2025 | Наставничката Елена Божинова, ученици од III-1 |
| Новогодишен маскембал | 29.12.2025 | Ученици, наставници |
| Доделување пакетчиња на учениците од прво до петто одд. од страна на градоначалникот на општината Љупче Почивалец | 30.12.2025 | Ученици, претставници од општина Радовиш |

## Слободни ученички активности

- Слободни технички активности;
- Слободни културно уметнички активности;
- Слободни спортски активности;
- Слободни работно-производствени активности

## Ученички натпревари

### Натпревари

- Учество на ликовниот и литературниот натпреварот по повод Патрониот празник на Училиштето како и на сите конкурси објавени од другите општински училишта.

-Нашите ученици кои што ќе ги поминат општинските и регионалните натпревари се упатени и на државно ниво, од каде што се имаат вратено со освоени места (листата на наградени ученици со дипломи од државни наптревари ја води педагошко-психолошката служба).

- По спорт и спортски активности одржани се повеќе турнири каде училиштето на ниво на градот покажува забележителни резултати.

## Отштествено - хуманитарна работа

Во ова полугодие се реализираа две хуманитарни акции, едната за наша ученичка која живее во тешки услови и припаѓа на семејство од социјален ризик. Во рамките на оваа акција од собраните средства се направија пакети со храна и хигиенски средства, и' се купи облека, а исто така и и' се направи претплата за храна до крајот на учебната година. Во другата акција која беше во рамки на Новогодишниот базар собраните парични средства се уплатија со цел помош во лекување на наша сограѓанка.

# ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

## Постигање на учениците

Во Првото полугодие од учебната 2025/2026 година, постигањата на учениците се задоволувачки.

Послаби резултати постигнуваат учениците од турската националност и во успехот и во редовноста. Педагошко-психолошката служба ќе продолжи со Советувањето на родители и Советување на учениците кои покажуваат слаб успех и нередовно посетуваат настава, со советодавна-инструктивната работа со наставниците за подигање на квалитетот на наставата.

## Општ успех на учениците од македонски наставен јазик

| Одделение | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Одлични | | Мн. добри | | Добри | | Доволни | | | | Со 1 сл. | | Со 2 сл. | | 3 и повеќе 1 | | | | |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | Неоцен | оцен | |
| **I -вкупно** | **59** | 29 | | | | | | | | | **59** | 100.00% | | | | | | | **0** | **59** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 29 | 100.00% | | | | | | | 0 | 29 | |
| **II- вкупно** | **60** | 31 | | | | | | | | | **60** | 100.00% | | | | | | | **0** | **60** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 31 | 100.00% | | | | | | | 0 | 31 | |
| **III-вкуп.** | **45** | 20 | | | | | | | | | **45** | 100.00% | | | | | | | **0** | **45** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 20 | 100.00% | | | | | | | 0 | 20 | |
| **IV-вкуп.** | **64** | 32 | **58** | 90.63% | **6** | 9.38% | **0** | 0.00% | 0 | 0.00% | **64** | 100.00% | | | | | | | **0** | **64** | **4.89** |
| Ж | | | 29 | 90.63% | 3 | 9.38% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 32 | 100.00% | | | | | | | 0 | 32 | |
| **V-вкуп.** | **61** | 28 | **48** | 78.69% | **8** | 13.11% | **4** | 6.56% | **1** | 1.64% | **61** | 100.00% | | | | | | | **0** | **61** | **4.65** |
| Ж | | | 27 | 96.43% | 1 | 3.57% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 28 | 100.00% | | | | | | | 0 | 28 | |
| **I-V-вкуп.** | **289** | 140 | **106** | 36.68% | **14** | 4.84% | **4** | 1.38% | **1** | 0.35% | **289** | 100.00% | | | | | | | **0** | **289** | **4.77** |
| Ж | | | 56 | 40.00% | 4 | 2.86% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 140 | 100.00% | | | | | | | 0 | 140 | |
| **VI** | **65** | 30 | **32** | 49.23% | **11** | 16.92% | **10** | 15.38% | **0** | 0.00% | **53** | 81.54% | 2 | 3.08% | 5 | 7.69% | 4 | 6.15% | **1** | **64** | **3.95** |
| Ж | | | 17 | 56.67% | 6 | 20.00% | 3 | 10.00% | 0 | 0.00% | 26 | 86.67% | 1 | 3.33% | 3 | 10.00% | 0 | 0.00% | 0 | 30 | |
| **VII** | **83** | 46 | **38** | 45.78% | **20** | 24.10% | **6** | 7.23% | **0** | 0.00% | **64** | 77.11% | 6 | 7.23% | 7 | 8.43% | 6 | 7.23% | **0** | **83** | **3.95** |
| Ж | | | 28 | 60.87% | 8 | 17.39% | 2 | 4.35% | 0 | 0.00% | 38 | 82.61% | 1 | 2.17% | 4 | 8.70% | 3 | 6.52% | 0 | 46 | |
| **VIII** | **74** | 39 | **35** | 47.30% | **14** | 40.00% | **12** | 16.22% | **3** | 4.05% | **64** | 86.49% | 4 | 11.43% | 1 | 2.17% | 5 | 6.76% | **0** | **74** | **3.95** |
| Ж | | | 24 | 61.54% | 5 | 12.82% | 6 | 15.38% | 0 | 0.00% | 35 | 89.74% | 2 | 5.13% | 0 | 0.00% | 2 | 5.13% | 0 | 39 | |
| **IX** | **48** | 22 | **24** | 50.00% | **11** | 22.92% | **3** | 6.25% | **0** | 0.00% | **38** | 79.17% | 5 | 10.42% | 1 | 2.08% | 3 | 6.25% | **1** | **47** | **4.11** |
| Ж | | | 16 | 72.73% | 4 | 18.18% | 1 | 4.55% | 0 | 0.00% | 21 | 95.45% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 1 | 21 | |
| **VI-IX** | **270** | 137 | **129** | 47.78% | **56** | 20.74% | **31** | 11.48% | **3** | 1.11% | **219** | 81.11% | 17 | 13.18% | 14 | 5.19% | 18 | 6.67% | **2** | **268** | **3.99** |
| Ж | | | 85 | 62.04% | 23 | 16.79% | 12 | 8.76% | 0 | 0.00% | 120 | 87.59% | 4 | 2.92% | 7 | 5.11% | 5 | 3.65% | 1 | 136 | |
| **I-IX** | **559** | 277 | **235** | 42.04% | **70** | 12.52% | **35** | 6.26% | **4** | 0.72% | **508** | 90.88% | 17 | 3.04% | 14 | 2.50% | 18 | 3.22% | **2** | **557** | 4.25 |
| Ж | | | 141 | 50.90% | 27 | 9.75% | 12 | 4.33% | 0 | 0.00% | 260 | 93.86% | 4 | 1.44% | 7 | 2.53% | 5 | 1.81% | 1 | 276 | |

**Општ успех на учениците од турски наставен јазик**

| Одделение | Вкупно Ученици | | 1 Одлични | | 2 Мн. добри | | 3 Добри | | 4 Доволни | | Вкупно | | 1 Со 1 сл. | | 2 Со 2 сл. | | 3 3 и повеќе 1 | | 4 | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | Неоцен | оцен | |
| **I -вкупно** | **60** | 34 | | | | | | | | | **60** | 100.00% | | | | | | | **2** | **58** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 34 | 100.00% | | | | | | | 2 | 32 | |
| **II- вкупно** | **83** | 39 | | | | | | | | | **83** | 100.00% | | | | | | | **2** | **81** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 39 | 100.00% | | | | | | | 1 | 38 | |
| **III-вкуп.** | **71** | 41 | | | | | | | | | **71** | 100.00% | | | | | | | **0** | **71** | |
| Ж | | | | | | | | | | | 41 | 100.00% | | | | | | | 0 | 41 | |
| **IV-вкуп.** | **75** | 21 | **20** | 26.67% | **32** | 42.67% | **16** | 21.33% | **6** | 8.00% | **74** | 98.67% | | | | | | | **1** | **74** | **3.89** |
| Ж | | | 7 | 33.33% | 9 | 42.86% | 2 | 9.52% | 2 | 9.52% | 20 | 95.24% | | | | | | | 1 | 20 | |
| **V-вкуп.** | **65** | 37 | **21** | 32.31% | **24** | 36.92% | **19** | 29.23% | **0** | 0.00% | **64** | 98.46% | | | | | | | **1** | **64** | **3.57** |
| Ж | | | 6 | 16.22% | 10 | 27.03% | 11 | 29.73% | 0 | 0.00% | 27 | 72.97% | | | | | | | 1 | 36 | |
| **I-V-вкуп.** | **354** | 172 | **41** | 11.58% | | 0.00% | **35** | 9.89% | **6** | 1.69% | **352** | 99.44% | | | | | | | **6** | **348** | **3.73** |
| Ж | | | 13 | 7.56% | 19 | 11.05% | 13 | 7.56% | 2 | 1.16% | 161 | 93.60% | | | | | | | 5 | 167 | |
| **VI** | **59** | 25 | **3** | 5.08% | **9** | 15.25% | **6** | 10.17% | **3** | 5.08% | **21** | 35.59% | 6 | 10.17% | 2 | 3.39% | **23** | 35.59% | **7** | **52** | **2.9** |
| Ж | | | 3 | 12.00% | 6 | 24.00% | 2 | 8.00% | 1 | 4.00% | 12 | 48.00% | 2 | 8.00% | 1 | 4.00% | 7 | 28.00% | 3 | 22 | |
| **VII** | **58** | **22** | **1** | 1.72% | **10** | 17.24% | **17** | 29.31% | **4** | 6.90% | | 0.00% | **7** | 12.07% | 5 | 8.62% | **14** | 24.14% | **0** | **58** | **2.7** |
| Ж | | | 0 | 0.00% | 6 | 27.27% | 7 | 31.82% | 1 | 4.55% | 14 | 63.64% | 2 | 9.09% | 3 | 13.64% | 3 | 13.64% | 0 | 22 | |
| **VIII** | **62** | 31 | **4** | 6.45% | **6** | 9.68% | **11** | 17.74% | **2** | 3.23% | **39** | 62.90% | **16** | 25.81% | 13 | 20.97% | **9** | 14.52% | **1** | **61** | **2.72** |
| Ж | | | 2 | 6.45% | 4 | 12.90% | 8 | 25.81% | 1 | 3.23% | 15 | 48.39% | 9 | 29.03% | 5 | 16.13% | 1 | 3.23% | 1 | 30 | |
| **IX** | **54** | 31 | **4** | **7.41%** | **7** | 12.96% | **16** | 29.63% | **5** | 9.26% | **41** | 75.93% | **9** | 16.67% | 8 | 14.81% | **5** | 9.26% | **0** | **54** | **2.82** |
| Ж | | | 2 | 6.45% | 4 | 12.90% | 10 | 32.26% | 2 | 6.45% | 18 | 58.06% | 5 | 16.13% | 6 | 19.35% | 2 | 6.45% | 0 | 31 | |
| **VI-IX** | **233** | 109 | **12** | 5.15% | **32** | 13.73% | **50** | 21.46% | **14** | 6.01% | **101** | 43.35% | **32** | 13.73% | 28 | 12.02% | **51** | 21.89% | **8** | **225** | **2.785** |
| Ж | | | 7 | 6.42% | 20 | 18.35% | 27 | 24.77% | 5 | 4.59% | 59 | 54.13% | 16 | 6.87% | 15 | 13.76% | 13 | 11.93% | 4 | 105 | |
| **I-IX** | **587** | **281** | **53** | 9.03% | **32** | 5.45% | **85** | 14.48% | **20** | 8.58% | **453** | 77.17% | **32** | 5.45% | 28 | 4.77% | **51** | 8.69% | **14** | **573** | **3.1** |
| Ж | | | 20 | 7.12% | 39 | 13.88% | 40 | 14.23% | 7 | 2.49% | 220 | 78.29% | 16 | 5.69% | 16 | FALSE | 13 | 4.63% | 9 | 272 | |

**Преглед на изостаноци на учениците од учебната 2025/2026**

| Наставен јазик | одд | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | CE | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вид | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Македонски | Оправда. | 273 | 38 | 22 | 8 | 29 | 1 | 45 | 139 | 20 | 20 | 222 | 51 | 186 | 356 | 444 | 386 | 272 | 230 | 1513 | 1229 | **2742** |
| | Неоправ. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200 | 0 | 1 | 0 | 54 | 79 | 7 | 212 | 262 | 291 | **553** |
| | Вкупно по пол | 273 | 38 | 22 | 8 | 29 | 1 | 45 | 139 | 20 | 20 | 422 | 51 | 187 | 356 | 498 | 465 | 279 | 442 | 1775 | 1520 | |
| | **Вкупно** | 311 | | 30 | | 30 | | 184 | | 40 | | 473 | | 543 | | 963 | | 721 | | 3295 | | **3295** |
| Турски | Оправда. | 53 | 107 | 195 | 207 | 118 | 89 | 109 | 53 | 113 | 145 | 507 | 313 | 385 | 254 | 596 | 485 | 342 | 313 | 2418 | 1966 | **4384** |
| | Неоправ. | 0 | 0 | 12 | 14 | 23 | 40 | 22 | 5 | 2 | 3 | 362 | 170 | 235 | 74 | 80 | 181 | 221 | 132 | 957 | 1914 | **2871** |
| | Вкупно по пол | 53 | 107 | 207 | 221 | 141 | 129 | 131 | 58 | 115 | 148 | 869 | 483 | 620 | 328 | 676 | 666 | 563 | 445 | 3375 | 3880 | |
| | **Вкупно** | 160 | | 428 | | 270 | | 189 | | 263 | | 1352 | | 948 | | 1342 | | 1008 | | 7255 | | **7255** |

**Состојба на изостаноците за ученицит**

**Состојба на изостаноците за учениците на македонски наставен јазик** **на турски наставен јазик**

**Број на ученици на макед. јазик - 559** **Број на ученици на турски јазик - 587**

**Вкупно ученици – 1 146**

**Неоправдани изостаноци - 553** **Неоправдани изостаноци - 2871**

**Оправдани изостаноци - 2742** **Оправдани изостаноци - 4384**

**Изостаноци машки - 1775** **Изостаноци машки – 3375**

**Изостаноцо женски - 1520** **Изостаноци женски - 3880**

**Вкупно изостаноци: 3295** **7255**

**Просечно по ученик: 5.9 изостаноци по ученик** **12.3 изостаноци по ученик**

**Вкупно изостаноци на ниво на училиште: 10 550** **Просечно 9.2 изостаноци по ученик на ниво на училише**

## Цели кои беа реализирани во првото полугодие:

- Намалување на бројот на изостаноци
- Поголемо учество на учениците во проекти
- Активности од стручната служба за поддршка на учениците и наставниците, професионална ориентација на учениците:
- Предавање за учениците од VIII одд. и IX одд. изведени од одд.раководители,
- Предавање на родителите на родителските средби изведени од одд.раководители
- Советодавни средби со родители на проблематични ученици;
- Идентификување на потребите кај поедини ученици, во зависност од проблемите со кои се соочуваат, било од емоционална природа, социјални проблеми, проблеми со совладување на наставното градиво, работа со ученици со попреченост во развојот, идентификација на деца кои имаат потреба за проширени знаења како и работа на определување и исполнување на желбите на учениците за нивни понатамошен професионален развој;
- Писмени состави на учениците – со цел добро да се откријат склоностите на учениците на часовите по македонски јазик ќе бидат изработувани писмени состави за избор на идното занимање на учениците.
- Соработка и црпење на информации од поедини предметни наставници за учениците кои напредуваат во одредени области на знаење,и постојана работа со истите со цел проширување на нивните знаења;

## Советодавни и превентивни програми:

(насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

### Реализирани работилници- час на одделенската заедница

- „ Болести на зависност“ –Црвен Крст на РСМ
- „ Трговија со луге“- Црвен Крст на РСМ
- „Реагирање на насилство“
- „Безбедно користење на интернет“
- „ Не за насилство, Да за толеранција“

## Безбедност во училиштето

Училиштето во соработка со МВР се грижи за безбедноста на учениците. Се одржа предавање за опасностите од користењето на пиротехнички средства. Постои изготвен план за движење при евакуација, исто така и МАПА која е закачена во холот на училиштето и според која учениците и вработените можат да се движат при евакуација при пожар. Училиштето има инсталирано видео надзор.

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

• Правилник за заштита од пожари, поплави и слични закани и ризици како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

• План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.

• План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација

• Куќен ред, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот и раководниот кадар, помошните работници

• Изготвен Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите

• Истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите, се води грижа за безбедноста на учениците.

## Позитивна социо-емоционална клима

- Училиштето имплементирајќи мултиетничка интеграција во образованието има изработено програма преку која се реализираа целите за почитување на личноста од различни етнички припадности и се развиваа соживот , меѓусебната доверба, почитување на различностите, еднаквост правичност и надминување на предрасудите.

- Училиштето водеше и ќе води грижа и планира активности за ранлива група на ученици, и промовира процедура за помош на ученици со емоционални потешкотии.

- Се реализираа и интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа како и високообраниразовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини

# ГРИЖА ЗА ЗДАРВЈЕТО

*Реализирајќи ја програмата за училиштето за здравјето на учениците, за здравствената заштита и здравствено воспитување се допринесе во изградувањето на здрава личност (психички, физички, и социјално) способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.*

## Хигиената во училиштето

Во текот на првото полугодие посебно внимание се обрна на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно беа чистени училишните простории и училишниот двор, а се организираа и акции во кои беа вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината. Одржувањето на хигиената во училишната зграда и училишниот двор ја вршат хигиеничари кои користат средства што се еколошки безбедни и кои нема да ја загадуваат околината. Со особена посветеност и внимание уште на првиот училишен ден во текот на часовите се изврши едукација за значењето на хигиената, особено на колективната хигиена, како основна мерка за спречување ширењето на заразни болести, како што се жолтицата и сипаницата, од страна на наставниот кадар во училиштето.

## Систематски прегледи

Сите ученици од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение беа опфатени со систематски прегледи во термини кои се во договор со Здравен Дом - Радовиш. Учениците до Здравниот Дом се придружувани од раководителот на паралелката или лице од стручната служба.

## Вакцинирање

Со календарот за имунизација и вакцинација се реализираше вакцинација на сите ученици кои беа опфатени во оваа рамка и кои добија покана. Вакцинацијата се спроведуваше во Здравен Дом - Радовиш, а учениците беа придружувани од родителите или раководителот на паралелката.

## Едукација за здрава исхрана

Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците беа запознаени со начините за здрава исхрана.

**РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО**

| **СОДРЖИНА** | **РЕАЛИЗАТОРИ** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Предавања во кои се опфатени теми поврзани со здравјето. | Одговорни наставници | Во текот на годината |
| „Болести на зависност“ | Црвен Крст-Радовиш | Декември |
| Медицински-лекарски прегледи, интервенции, вакцини и ревакцини. | Здравствена установа | Според планот на Здравниот Дом |
| Исхрана на учениците | Одделенски раководители | Секојдневно |
| Одржување на хигиена во училниците и училиштето. | Сите вработени | Преку целата година |
| Стоматолошки прегледи | Здравствен Дом | Во текот на целата година |

# УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

### План за подобрување на училишната дисциплина

| Активност | Цел | Носители на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Создавање на листа на дежурни ученици по одделенија | Контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите | Ученици од II до IX-то одделение | Во текот на цела учебна година |
| Создавање на листа на дежурни наставници во двете смени | Контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите | Наставници од одделенска и предметна настава | Во текот на цела учебна година |

Наставата во првото полугодие се реализиреше и според однапред подготвен распоред на часови за оваа учебна година, во одделенската и предметната настава и истиот беше објавен во работните простории на директорот, службата и наставничката канцеларија:

Наставниците во првото полугодие од учебната 2025/2026 година беа одговорни и за одржувањето на редот и дисциплината во ходниците за време на одморите. Поради тоа уште во Септември беше направен распоред на дежурни наставниви и истите одржуваа дежурства според следниов редослед:

**Распоред на дежурство за наставниците во учебната 2025/2026 година**

| ПОНЕДЕЛНИК | ПОНЕДЕЛНИК |
|---|---|
| **1. Сања Тодорова – одговорен наставник** | **1. Невенка Маринковска – одговорен наставник** |
| 2. Лина Тодоров | 2. Елена Божинова |
| 3. Ана Иванова Тамаќарова | 3. Светлана Василева |
| 4. Руменка Ѓоргиева | 4. Светлана Чапова |
| 5. Фиген Караелмазова Салиова | 5. Јулија Свирков |
| 6. Пинар Амушева | 6. Билјана Иванова |
| **ВТОРНИК** | **ВТОРНИК** |
| **1. Маријана Илкова – одговорен наставник** | **1. Силвана Андонова – одговорен наставник** |
| 2. Ванчо Ѓоргиев | 2. Татјана Ѓозева |
| 3. Фенчо Петровски | 3. Виолета Бехлимова |
| 4. Верица С. Исаиловска | 4. Сенка Б. Ѓозева |
| 5. Билјана Ѓоргиева | 5. Јулија Ефтимова |
| 6. Севгин Абдиев | 6. Герасим Митев |
| **СРЕДА** | **СРЕДА** |
| **1. Билјана Наунов – одговорен наставник** | **1. Сенем Еминова – одговорен наставник** |
| 2. Зорка Христова Трајкова | 2. Кемалетин Дестанов |
| 3. Февзи Салиов | 3. Валентина Лазарева |
| 4. Јилмаз Шерифов | 4. Малинка Петровска |
| 5. Лујза Спасова | 5. Живка Ицова |
| 6. Дејан Бибовски | 6. Блаже Ангелов |
| **ЧЕТВРТОК** | **ЧЕТВРТОК** |
| **1. Билјана Соколова – одговорен наставник** | **1. Павле Петров – одговорен наставник** |
| 2. Шабан Дервишев | 2.Тања Коцева |
| 3. Анита Ципушева | 3. Билјана Спасова |
| 4. Марика Димитријева | 4. Александар Ицов |
| 5. Агим Арифов | 5. Томе Постолов |
| 6. Нежлах Ахмет | 6. Зорка Ангелова |
| **Петок** | **Петок** |
| **1. Магдалена Коцева – одговорен наставник** | **1. наставник** |
| 2. Митко Ристов | 2. Димче Здравев |
| 3. Сердар Арифов | 3. Емел Мемишева |
| 4. Хулија Али | 4. Олгица Стојанова |
| 5. Марија Газепова | 5. Ремзи Абдурманов |
| 6. Соња Митева | |

**ДОЛЖНОСТИ НА ДЕЖУРНИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ:**

1. Воспитно-образовниот кадар доаѓа 10 минути пред почетокот на часот,а дежурните 20 минути пред почетокот на наставата;
2. Дежурните наставници се должни да обезбедат влезната врата да биде навремено отворена и затворена за непречено одвивање на наставата;
3. Дежурните наставници во зависност од временските услови и должината на одморот определуваат дали учениците ќе се задржат во училишниот двор или училницата-кабинетот. Дежурните наставници го контролираат дежурството на учениците на влезната врата и се грижат за успешноста;
4. Секое одсуство на дежурниот наставник мора да биде најавено заради обезбедување на замена.

### Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето ги исполнува условите за изведување на наставата според одредени нормативи. Постојат и се почитуваат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар и за организирање воннаставните активности на учениците. Се вложува во обезбедување на пријатен простор каде учениците ќе се чувствуваат пријатно и во самата училница ќе се поттикнува чувството дека секој ученик е дел од паралелката и училиштето и можност да се напредува и креативно да се размислува.

Инфраструктура:

- Добра опременост на кабинетите и училниците;
- Кабинети за изведување на практична настава;
- Спортска сала
-

### Кодекси на однесување

Училиштето има изработено Куќен ред кој е поставен на видно место, а исто така и кодекси на однесување-( кодекс за ученици, за наставници, за родители и кодекс за однесување на техничкиот персонал), се' со цел сите учесници во училишниот живот имаат јасен став за тоа кое однесување е пожелно и не води до успех и просперитет.

### Мулти- културализам

Во училиштето наставата се одвива на македонски и турски јазик. Согласно тоа дека самото училиште е мултиетничко и мултикултурно наша цел е развивање толеранција и соживот меѓу сите учесници во воспитно-образовната работа без разлика на полова, етничка, културна, верска, социлајна итн. припадност.

Со формирање партнерство со училиштето „Тошо Велков-Пепето“-Кавадарци, и со заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта со взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата со размена на културните и верските, како и образовните вредности.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ

**Општи карактеристики на професионалниот развој на наставниците во првото полугодие од учебната 2025/2026 година:**

Професионалниот развој на наставниците е есенцијален ако сакаме технологијата која е обезбедена во училиштата ефикасно да се користи. Дизајнирањето и имплементирањето на успешна програма за професионален развој не е ниту лесно ниту ефтино.

Кога се дизајнира или имплементира било каква програма за професионален развој на наставници, многу е важно да се позиционира таа програма внатре во контекстот на теоретската рамка за учење на возрасни.

Можеби најважно за целта на професионалниот развој на наставниците, технологијата повлекува поместување на улогата на наставниците од позиција на единствен извор на знаење и поучување кон станување на фасилитатор - олеснувач на ученичкото учење (знаење) што се стекнуваат од повеќе извори. Последново се однесува на придвижување од *"мудрец на сцената кон водач од страна".*

Професионалниот развој на наставниците ги вклучува и моделира формите на педагогија кои наставниците можат да ги употребуваат во нивните училници. А, тие програми го постигнаа следново:

- Им овозможи на наставниците да ги развијат сопствените знаења и вештини активно и искуствено (емпириски), во различни околини за учење како индивидуално така и колаборативно
- Вклучуваат различни стратегии за учење кои вклучуваат директно поучување, дедуктивно заклучување (дедукција), дискусии, индукција и споделување
- Се стремат кон вештините за размислување од повисок ред.
- Се обезбеди автентична околина за учење за да наставниците се вклучат во конкретни задачи со реални сценарија.
- Ги нагласува начините на кои технологијата може да го фасилитира - олеснува и засили професионалниот живот на наставниците
- Ги охрабри наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации)
- Развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи - learning how to learn (дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно)
- Промовираат колаборативно и кооперативно учење;
- Да биде сензитивна (осетлива) на културата и различностите на наставниците како ученици, користејќи повеќе апстрактен пристап како одговор на различните стилови на учење, можностите, опкружувањето и почетните позиции
- Овозможува учење независно од времето и местото

Професионалниот развој ги вклучува следните основи - фундаментални компоненти за кои истражувањата покажале дека се основни - есенцијални, а меѓу нив се:

- Директно поврзување со она што го учат учениците. ***Целта на програмата за професионален развој*** е да са зголемат - подобрат постигнувањата на учениците

- Практична употреба на технологијата. Последново побарува развивање на суштинските технолошки компетенции и вештини споменати претходно и вистинска примена на тие вештини во училниците

- До најголеми можни граници, наставниците треба да ги видат директните врски помеѓу технологијата и курикулумот за кои што наставниците се одговорни при реализацијата.

- Нови улоги на наставниците, како фасилитатори и водачи наместо само како предавачи и инструктори.

- Активна партиципација на наставниците и колегијално учење

- Професионалниот развој како континуиран процес.

## Детектирање на потреби и приоритети

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател)

## Активности за професионален развој

1. Изработени акциони планови за сите реализирани облици на професионален развој;
2. Обуки спроведени од акредитирани компании;
3. Семинари (во училиштето и надвор од него).

## Личен професионален развој

Професионалните досиеа на наставниците се чуваат во педагошката служба на училиштето и истите се ажурираат најмалку еднаш во текот на учебната година. Секој наставник е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати.

Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој кој треба да го реализира во текот на учебната година и согласно тоа се надоградува на теми кои се важни за успешно спроведување на воспитно образовната работа.

## Хоризонтално учење

Главен акцент ова полугодие се постави на размената на професионално искуство преку размена, разгледување на видео снимки на различни делови и аспекти кај учениците и делови од курикулум, и особено интеграција на повеќе предмети. Кои делови се разгледуваа и кои се снимаат се определуваат со програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

## ПРЕПОРАКИ

Целта на овие препораки е истите да бидат што е можно попрактични, и за таа цел истите претставуваат низа од препораки кои се насочени кон оние наставници кои сакаат да ги унапредат нивите вештини и знаења во нивните училници:

- Бидете критични. Не земајте ја технологијата здраво за готово и не очекувајте истата да ги реши сите ваши проблеми.
- Правете рефлексија на сопствениот начин на предавање. Ако одите надолу по погрешен пат, технологијата ќе ве одведе таму уште побрзо.
- Барајте можности за обука како и време од администраторите (администрацијата) за учење како се користи технологијата, особено интернетот. Без разлика дали се работи за формални работилници за професионален развој, или за прирачник наменет за учење со сопствено темпо или инволвирање во искуствено учење.
- Придружете се на различни друштва (заедници) на наставници. Овие заедници можат да опфаќаат уште една личност од истото училиште, 25 наставници од околните училишта или огромна мрежа од online наставници од целиот свет кои ги споделуваат нивните искуства, фрустрации, планови за наставни часови, охрабрувања, проблеми како и нивни решенија.
- Бидете спремни (расположени, подготвени) да бидете ученици уште еднаш. Наставниците треба да препознаат дека нивната желба/потреба да учат нови вештини или некое ново знаење (умеење) значи учење од други, без разлика дали тоа доаѓа при работата со нивните ученици, професионални тренери (обучувачи) или други наставници. Потребна е трпеливост за да се научат нови техники, и истите да се применат во ограничени размери во нивните училници, и да се прифатат коментари/сугестии од другите.

Бидете силни, имањето на ученици кои користат компјутери и Интернет не значи дека улогата на наставникот securityполека исчезнува (се намалува), напротив, новата улога на наставникот бара да прави различни проекции, во насока на учењето на учениците, притоа инсистирајќи учениците да прават рефлексии на нивното сопствено учење и напредок, да прават евалуација (да ги оценуваат) информациите од интернет, да развијат вештини за објаснување (резонирање) на информациите а не само на нивно меморирање, и се здобиваат со подлабоко разбирање на соодветниот предмет.

# ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето во првото полугодие постојано беше отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности.

Соработката со локалната средина се оствaруваше преку редовни средби на Советот на родителите на училиштето и на Училишниот одбор.

Целта на оваа соработка со локалната средина покрај останатото беше: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите на родителите кон училиштето, подигање на нивото на педагошките знаења на родителите и поттикнување на месното население на работни акции од локален карактер.

Родителите и локалната самоуправа го остваруват своето влијание врз училиштето во сите области на неговата работа преку работата на Училишниот одбор. При организирањето на разновидни манифестации за одбележување на: државни празници, јубилеи, годишнини на познати историски дејци и друго училиштето соработува со локалната средина.

Во текот на првото полугодие се организира одбележуваање на Денот на училиштето преку повеќе пригодни манифестации меѓу кои и свечена академија.

Исто така училиштето со согласно предвидена програма организира посети на кино, театарски претстави, изложби, музички манифестации, галерии и музеи.

- **Во животот и работата на училиштето** советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.
- **Во процесот на учење** родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците-таленти (професионална и стручна помош од страна на родителите за истите). Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.
- **За активностите во училиштето** родителите даваа иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите вонннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.
- **За поголема вклученост на семејството во училиштето,** тоа организираше советодавно-консултативни средби - индивидуални и групни, посета на семејства и др.
- Родителите преку приготвување на храна и други изработки активно учествуваа во новогодишниот базар кој традиционално секоја година го организираме и кој има за цел поголема соработка со родителите, неформално дружење а иста така и обезбедување на финансиски средства кои наменси ги трошиме согласно потребите.

| Реализирани активности во текот на на првото полугодие | |
|---|---|
| **Активности** | **Соработници** |
| 1. Вклучување на родителите во реализација на одделни сегменти од воспитно-образовната работа на училиштето. | Директор, стручни соработници, наставници |
| 2. Учество во организирање и реализирање на собирни акции со учениците. | Директор, наставници |
| 4. Учество во разрешување на негативните појави во училиштето. | Сите субјекти од училишниот живот |
| 5. Водење грижа за здравјето на учениците и развивање на еколошка свест кај учениците. | Одд. Раководители |
| 7. Водење евиденција и документација за работа на Советот на родители. | Директор |
| 8. Посети на советувања. | Психолог, педагог, директор, наставници |

**Реализирани активности за вклученост на семејствата во училиштето**

| Содржина | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|
| Запознавање на родителите со куќниот ред на училиштето.<br>Запознавање на родителите со училишните барања и обврските на учениците.<br>Договор за начинот и времето на соработка на родителите со одд. раководители, стручните соработници и директорот. | Одд. раководители (групна родителска средба) | Септември |
| Индивидуални разговори со родителите чии деца имаат потешкотии во учењето, како и во односот со другите ученици и наставниците Посета на родителските домови по потреба | наставници, педагог, психолог | Септември - јуни |
| Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот на првото тримесечие. | **Одд. раководители, психолог, педагог** | **Ноември** |
| Информирање за постигнатиот успех и поведението на учениците на крајот на првото полугодие. | **Одд. раководители, наставници** | **Декември** |
| Индивидуални разговори со родители, чии деца покажуваат слаб успех и социјално неадекватно поведение. | **Одд. раководители, стручни соработници** | **Во текот на целата учебна година** |

| *Содржина за реализирана работа* | *Начин на реализација* | *Време на реализација* | *Реализатори* |
|---|---|---|---|
| 1. Прием на првачиња | Пригодна програма за родителите на првачињата - како да се однесуваме кон првачињата<br>Информирање за описното оценување на родителска средба | септември | Директор, наставници, стручни соработници |
| 2. Учество во активностите на новогодишниот базар организиран од училиштето. | Подготовка на храна и зработки кои беа продавани на базарот во училиштето. | Декември | Родители, наставници, директор. |

**Советување на родители**

Советувањето на родители го реализира психологот во училиштето согласно Законот за основно образование.

Целта на советувањето на родителите е нивно едуцирање за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училиштни тешкотии и животни предизвици.

Секојдневното искуство покажа дека вклученоста на родителите во училиштниот живот има позитивно влијание во подобрување на редовноста, успех на нивните деца и врз нивниот развој и севкупно однесување.

Во текот на првото полугодие психологот реализира едно групно советување на кои беа повикани 20 родители, меѓутоа мора да напоменеме дека одзивот на присутни родители се' уште не е задоволителен, но споредбено со минатата година помал во однос на потребата да бидат повикани на советување.

# КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште во текот на првото полугодие за учебната 2025/26 година со цел да го промовира училиштето за организираните и реализираните активности соработуваше со локалните медиуми. За таа цел во прилог ја даваме следната табела:

Реализиран план за соработка со медиуми:

| Медиуми | Активности | Лице за контакт |
|---|---|---|
| ТВ КОБРА,<br><br>ФБ страна на училиштето<br><br>ВЕБ страна на училиштето | 1. Почеток на учебната година - Прием на децата во 1-во одделение - Денот на училиштето.<br>2. Секој успех на учениците или секциите.<br>3. Прославата на Патрониот празник и др.<br>4. Интернет презента-ција на сите активно-сти за работата на Училиштето | в.д. директор Орце Трајанов |

Презентацијата на училиштето и неговите активности исто така се реализираше и преку:

- Пишани материјали наменети за родителите на почетокот на учебната година.
- Пишани материјали за родителите во кои се презентирани целите и задачите на наставните предмети.
- Издавање на Брошура за родителите на почетокот од учебната година.
- Полугодишни извештаи за работата на училиштето наменети за потребите на советот на родители, училишниот одбор и локалната самоуправа.
- Упатство и насоки за родителите и учениците при изведувањето на наставните екскурзии .

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА КРАЈОТ ОД ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

**Програма за педагошко- инструктивната работа на директорот за Првото полугодие од учебната 2025/2026 год. во ООУ *,,Крсте Петков Мисирков"* Радовиш**

Образованието е процес кој се темели на доживотно учење и подучување на учениците, подготвувајќи ги за предизвиците кои ги носи секојдневното живеење.

Учебната 2025- 2026 ја започнавме под нашето мото:

**Мотивација, знаење, успех!**

**Мотивација** прво кај наставниците, да се поттикнат да го дадат својот максимум во реализацијата на наставниот процес, мотивација и кај учениците за да можат да ги откријат и пронајдат сите свои скриени потенцијали**.**

**Знаење,** знаење кое наставниците на најдобар начин им го пренесуваат на учениците, знаење кое учениците го стекнуваат по пат на учење на редовните часови од наставниот процес, но и во воннаставните активности**.**

**Успех** кој е неминовен резултат кога ќе се исполнат претходните компоненти.

Успешни ученици, успешни наставници и секако **успешно училиште**.

Учебната година започна со распределбата на часови по сепецијалности помеѓу наставниците и започнување на наставната година со имплементација на наставните програми по предмети изработени од секој наставник поединечно. Оваа учебна година ја започнавме со две паралелки за продолжен престој кои за првпат се отворат во нашето училиште и во нашата општина воопшто.

Во периодот од септември – до декември кога завршува и официјално првото полугодие активно бев вклучена во секој сегмент од работењето и функционирањето на училиштето.

Во првото полугодие го реализиравме нашиот Патронат, на кој бевме домаќини на нашето збратимено училиште од Марковац В. Плана.

Во декември месец нашето училиште зеде учество со свои активности по повод новогодишните празници кои беа организирани од страна на општината.

Традиционално во нашето училиште го реализиравме нашиот новогодишен базар, на кој заеднички со Советот на родители продаваме храна и изработки од нашите ученици. Средствата кои беа собрани беа донирани за помош при лекување на наша сограѓанка.

Во првото полугодие наште ученици и наставници беа вклучни во низа вонраставни активности организирани од нас како училиште, но и од другите образовно-културни институции.

За успешно и ефиксано училиште, современо и модерно училиште потребно е сите чинители на образовниот процес да бидат активно вклучени во целокупната работа на училиштето.

Директорот е тој кој ја организира работата на училиштето, за тоа каква ќе е училишната клима големо влијание има директорот, креирањето на позитивна атмосфера, носењето на транспарентни и мудри одлуки се голем предуслов за успешно училиште, а нашата цел, моја како директор и на моите колеги-наставниците е ООУ„ Крсте Петков Мисирков" да биде успешно училиште во кое мотивацијата, знаењето и успехот ќе се наш императив!

в.д. директор
Орце Трајанов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ НА КРАЈОТ ОД ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## СОДРЖИНА


1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа
2. Следење, веднување и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето
3. Советодавно-консултативна работа во текот на учебната 2025/2026г.
4. Аналитичко- истражувачка работа
5. Соработка со стручни институции, локалната заедница и стручно усовршување
6. Педагошка евиденција и документација


Тековни активноти реализирани во текот на учебната 2025/2026 год

## ВОВЕД

Полугодишниот извештај за работата на педагогот се темели врз програмските подрачја и содржини предвидени во годишната програма за работа на училиштето како и годишната програма за работа на уилишниот педагог. Програмските подрачја и содржини предвидени во Годишната програма за работата на педагогот планирани за првото полугодие од учебната 2025/2026 год. речиси се реализирани.

Во текот на учебната година како стручен соработник - педагог, активностите ги реализирав според своите индивидуални програмски содржини и активности, приложени и во Програмата за работа на училиштето. Во почетокот на годината, активностите беа насочена на планирање, оргнизирање и програмирање на воспитно-образовната работа, преку изготвување Годишна програма за работа на педагогот, програмите за воннаставни активности и други проектни активности. Соработка со наставниците, преку инструктивно-советодавни разговори и учество во работата на активи, со цел изготвување квалитетни глобални, тематски и процесни планирања и дневни подготовки. Како стручен соработник, извршив увиди на часови кај наставниците, со цел следење на наставата и организацијата и реализацијата на наставниот час. Професионално се усовршув преку континуирано следење стручна литература, образовни портали на интернет и со учество во проекти и обуки и директна реализација на активностите од истите.

### Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

Оваа подрачје има за цел да се воспостави систем на планирање и програмирање на воситно – образовната работа. По ова подрачје учествував во повеќе активности, како и следење на работата на наставниците при планирањето на програмирањето на воспитно – образовната работа.

- учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава
- учество во изработката на програми за работа со надарени деца и деца со посебни образовни потреби.
- Учество во изработка на план и програма за професионална ориентација на учениците.
- Изработка на годишната програма и месечните планирања за работата на педагогот.

### Следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето

Оваа подрачје има за цел е да воспостави систем на следење и вреднување на воспитно-образовната дејност. Во однос на оваа подрачје од моја страна, како стручен соработник, во текот на првото полугодие од учебна 2024/2025 год. се извршени повеќе активности поврзани со следењето на вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа на училиштето.

**Советодавно консултативнаработа за време на првото полугодие од учебната 2025/2026 година**

Во однос на ова подрачје во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 год. извршени се неколку неформални едукативни советувања, консултативно-советодавни разговори со најразлични типови на ученици се со цел воспитно делување и пружење на помош за надминување на потешкотиите со кои се соочуваат.

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, по потреба индивидуално се работеше со поедини уеници кои имаа потреба од дополнителна работа за надминување на одредени потешкотии со кои се соочуваа. Најчесто се работеше на дисциплината кај учениите.

Исто така ревно се вршени и советувања со наставниците. Преку заеднички разговори и тимска работа се решаваа и надминуваа тековните проблеми и прашања со кои се соочувавме.

Не беа изоставени и советувањата со родителите. Редовно се вршеа советувања со родители на ученици кои пројавуваа слаб успех во учењето, ученици со голем број на изостаноци, ученици со проблеми со социјалзација и потешкотии во вклопувањето со останатите ученици, ученици со изречени педагошки мерки и т.н.

**Аналитичко- истражувачка работа**

- изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди (за прв тромесечие и крај на прво полугодие) – ноември, јануари;
- изготвување на извештај од одделенските совети на крајот на секој класификаци-онен период – ноември, јануари;
- изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа – јануари;
- изготвување на извештаи од посетени презентации, трибини, научни собири... – континуирано.

**Соработка со стручни институции, локалната заедница и стручно усовршување**

Во рамките на својата воспитно-образовна дејност, училиштето во текот на оваа учебна година организира и учествува на неколку активности. Исто така имаше и соработка со повеќе воспитно-образовни установи. И тоа: центарот за култура,

центарот за социјална работа, црвен крст, други општински основни училишта и сл.

Учениците зедоа учество во повеќе планирани активности кои се реализираа во соработка со Локалната средина и ЕЛС одштина Радовиш.

Одбележувањето на детската недела оваа година се одржа во холот на училиштето. На учениците им беа доделени флаери на кои беа испишани детските права и обврски и беа запознаени со Конвенцијата за правата на детето.

Во соработка со локалната заедница извршени се повеќе контакти во врска со успехот и поведението на учениците, како и контакти со ДПИ за успехот на учениците во прво одделение.

Редовна беше и соработката со јавната уставова Здравен дом од Радовиш. Уште на самиот почеток беа извршени редовни систематски прегледи за учениците од I, III, V, VII и IX одделение. Исто така беа извршени и редовни стоматалошки и очен преглед, преглед на на наставниците и вработените.

Одбележана беше и неделата за орална хигиена, одделенските раководители на

класен час им објаснија на учениците за важноста на правилната орална хигиена.

Во соработка со центарот за култура и ЕЛС-општина Радовиш успешно беа реализирани повеќе културно уметнички активности.

**Професионално стручно усовршување**

По ова подрачје уредно беа водени и изработени:

- годишниот глобален план и програма за сопствената работа- на почетокот од учебната година,
- месечниот оперативен план за работа - континуирано,
- дневникот за работа со учениците-континуирано,
- дневникот за работа со наставниците-континуирано,
- дневникот за работа со родителите-континуирано,
- дневникот за следење на наставните и воннаставните активности, документацијата за извршената аналичичко-истрашувачката работа (прегледи, инструменти, извештаи, анализи, и др..)-континуирано.

**Тековни активности реализирани во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026год.**

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 покрај горенаведените активности, активо бев вклучена и во:

- евиденција за соработка со ученици, наставници и родители - континуирано
- водење педагошки картон за работа со наставниците – континуирано,
- водење на професионално досие на наставниците од одделенска настава - континуирано
- документација за извршената аналитичко-истражувачка работа - континуирано
- перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература - континуирано
- Изготвување на Полугодишниот извештај за работата на педагогот - јануари
- Работа на апликацијата за Електорнско менаџирање на информации од образованието (ЕМИС) - континуирано

Училишен педагог
*Марија Долдурова*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ НА КРАЈОТ ОД ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Полугодишниот писмен извештај е изработен по подрачја и содржини врз основа на програмата за работата на училишниот психолог за учебната **2025/26** год., програмата за работа на училиштето и понудените тези од Бирото за развој на образованието.

## Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовниот процес

**Учество во изготвување на годишна програма на училиштето за учебната 2025/26 год.**
**Изготвување на сопствената годишна и месечна програма за учебната 2025/26г.**

**-период:** август, септември

**-соработници:** директор, педагог, наставници.

**-цел:** Планирање и програмирање на работата на училиштето сопствената работа.

**Учество во изготвувањето на полугодишниот извештај на училиштето** на крајот од првото полугодие за учебната **2025/26 год.**

**Изготвување полугодишен извештај за сопствената работа** за учебната 2025/26г.

-**период**: јануари

-**соработници:**самостојно

-**цел**: извештај за сопствената работа на училиштето, увид во реализацијата на сопствената програма.

**Изготвување програмата за професионална ориентација и советување на учениците**.

-**период:** август, септември

**-соработници:** педагог, наставници

**-Цел:** Планирање на актвностите, целите и очекуваните ефеи за професионалната ориентација на учениците.

**Планирање и изготвување на програма за советување на родители** - месечно и неделно планирање.

-**период:** август, септември

**-соработници:** педагог, наставници

**-цел:** Месечното, неделно планирање на термините и причините за советување на родителите.

**Формирање на паралелки за прво и шесто одделение на македонски и турски наставен јазик.**

-Консултативна средба со наставниците од активите кои претходната учебна год. предавале во прво и петто одд. Изготвување списоци.

**-период**: август

**-соработници:** педагог, наставници

**-цел:** формирање на хомогени паралелки имајки ја во предвид интелектуалната, социјалната и половата застапеност на учениците.

## Работа со ученици

**Следење на прилагоденост во новата средина (паралелката) кај учениците во I-во и VI-то одд., како и учениците кои се придојдени од други училишта.**

- Имав индивидуални разговори со наставници, ученици, следење на степенот на адаптираноста на учениците со посета на часови во прво одделение:

**-период:** септември, октомври,тековно.

**-соработници:** наставници, ученици.

**-цел:-**Следење на адаптираноста на првачињата во новата средина (паралелката), задржување на вниманието до крајот на наставниот час. Во соработка со наставниците се откриват ученици кои имат проблеми во социјализацијата, со работните навики и се планира индивидуална работа и помош на овие ученици. Следење на комуникацијата наставник- ученик, ученик-ученик и адптација со преминот од одделенска во предметна настава.

**Советодавен разговор, превентивно делување и работа со ученици кои манифестират неприлагодено однесување (изостаноци, намалување на успехот, агресивно, несоодветно однесување на ученикот )**

- Имав индивидуални советодавни разговори со ученици кои манифестираат рални форми на несоодветно оденсување.

**-период:** тековно.

**-соработници:** педагог, наставници, ученици,

**-цел:** со взаемна соработка на наставниците, учениците и родителите се откриват причините за нередовноста и надминување на успехот.

**Индивидуални советодавни разговори со ученици кои значително го намалиле успехот и се со повеќе слаби оценки.**

**-период:** тековно.

**-соработници:** наставници, ученици, родители

**-цел:** Откривање на причините за слабиот успех и во соработка со наставниците се советуваа учениците за користење соодветни методи и техники на учење за подобрување на успехот.

**Откривање на ученици со поголема можност за напредување и развој.**

-Соработував со наставниците во следењето и евиденција на учениците кои постигнуваат висок успех со цел нивно регрутирање за натпреварите кои ќе следат во второто полугодие.

**-период**: тековно

**-соработници:** ученици, наставници

**-цел:** стручна помош во воннаставните активности на учениците , правилното користење на слободното време и евидентирање на постигањата на учениците.

**Евиденција, следење на успехот, редовноста и поведението кај учениците.**

- Изготвив табеларни извештаи за првото тримесечје и полугодие, го следев

успехот, редовноста и поведението на учениците, преку непосредни разговори со наставниците, одделенските совети и одделенските книги на паралелките и презентирање на наставнички совет.

**-период:** тековно

**-соработници:** педагог,наставници,ученици,

**-цел:**откривање на причините за слабиот успех, нередовноста и поведението на учениците.

**Релизирани работилници** со ученици - реакции на омаловажување (VII одд.), надминување и контрола на агресивноста (VIII одд)

**-период**: ноември,

**-соработници**: ученици, наставници

**-цел**: учениците да станат свесни за ефектите и последиците од вербалното насилство, како и за начините на реакција кон истото, да научат прифатливи начини на изразување на лутината, гневот, самоконтрола на однесувањето.

**Поддршка на Училишниот парламент и спроведување на избори за ученички правобранител.**

## Соработка со наставници

**Советодавно-консултитативна работа со наставници почетници и одделенски раководители:**

**-Период:** септември,октомври,тековно

**-соработници:** педагог, наставници

**-Цел:** помош на наставниците почетници во водењето на педагошката евиденција и стручна помош во планирањето и реализирање на наставен час.

**Следење и консултации за годишните, тематските планирања на наставниците.**

-Изготвување на записник од увидот на годишните и тематските планирања на наставниците реализиран на 14-15.09.2024 г.за учебната 2025/26 год.

**Период:** септември,октомври

**Соработници:** педагог, директор и наставници

**Цел:** Навремена, целосна и квалитетна достава на годишните и тематските планирања на наставниците.

**Цел:** Следење и помош на навремено евидентитање на планираните и реализираните активности во водењето на одделенската книги.

**Состанок средба со училишниот инклузивен тим**

**Период:** октомври, тековно

**Соработници:** педагог, директор, дефектолог и наставници

**Цел:** формирање на инклузивни тимови за ученици со посебни образовни потреби и разработување на инклузивните политики и практики на ниво на училиште. Следење на постигањата на учениците со посебни потреби.

## Соработка со родители

### Индивидуални советодавни разговори со родители

Во текот на првото полугодие имав индивидуални советодавни разговори со родители по мое барање, по барање на наставниците и родителите за проблеми со нередовност и попречување на наставниот процес.

**Цел:** Согледување на причините за отсуство од училиште и реметење на наставниот процес преку несоодвето однесување.

## Аналитичко-истражувчка работа

За последните три учебни години 2022/23, 2023/24 и 2024/2025 г. се направи споредбена анализа за општиот успехот, успех по наставни предмети и редовноста на учениците, по завршувањето на првото тримесечје и полугодие се направи анализаа на успехот, постигањата и поведението на учениците.

## Водење на педагошка евиденција и документација

Водење на евиденција за соработка со ученици, наставници, родители.

Водење евиденција за запишени ученици во прво одд.

Изготвување инструменти и евидентни листови за следење на редовната настава (посета на наставен час) и други облици за следење на воспитно образовната работа.

Изработка на табеларен извештај за успехот, редовноста и поведението на учениците за првото тримесечје и полугодие од учебната год.

Изготвување на статистички извештај за успехот, редовноста на учениците, број на ученици и паралелки, ( УОК за крајот на учебната 2024/25г. и УОП - за почетокот на 2025/26 год.)

Водење евиденција за изречени педагошки мерки во текот на учебната година.

Водење евиденција за талентирани ученици кои ќе учествуваат на натпревари.

Водење на професионално досие за наставниците-евиденција за професионалниот развој.

## Соработка со локалната самоуправа и други институции од РСМ

### Соработка со основни и средни училишта, просветниот инспектор

- Евиденција на незапишени ученици во прво одд во учебната 2025/26 год.
- Достава на списоци на ученици од деветто одд. на локалната гимназија.

**Цел:** Информации до просветен инспектор за незпишани ученици во прво одделение.

**Изготвување на табеларен преглед**- податоци за бројот на ученици, паралелки, наставен и ненаставен кадар за тековната учебна год.

**Цел:** Достава на податоци за училиштето до ЛС и МОН ( за утврдување на висината на блок дотациите) во училиштата за учебната година.

**Соработка и достава на списоци за учениците до превентивната служба при ЈЗУ Здравствен дом- Радовиш** за реализација на систематски прегледи на учениците и прегледи на забите.

**Цел:** Достава на податоци до соодветната служба за спроведување на систематски прегледи, превенција и заштита на забите.

**Соработка со ЦСР-Радовиш -** Извештај од следење на редовноста, однесувањето, прилагоденоста и напредокот на одредени ученици кои учат во нашето училиште а за кои центарот има потреба од информации.

**Цел:** Достава на информации за потребите на ЦСР за редовноста, социјализацијата, однесувањето, одговорноста кон училишните обврски и успехот на учениците .

## Лично стручно усовршување

**Учество во вебинар:** „Препознавање и соодветна реакција на сите видови на насилство“ Едулаб вебинари.

психолог
*Татјана Митева*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ дефектолог/ специјален едукатор НА КРАЈОТ ОД ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## Полугодишен извештај

## Вовед

За работата на дефектологот при **ООУ "Крсте Петков Мисирков"** за учебната 2025/2026 година.

Полугодишниот извештај за работата на дефектологот е изработен врз основа на реализираните активности предвидени со редовната годишна програма на дефектологот, предвидена за учебната 2025/2026 година, програмата за работа на училиштето и понудените тези и сугестии од бирото за развој на образованието и министерството за образование.

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година дефектологот ги реализираше своите работни обврски, согласно планираните активности за секоја програмска област, со акцент на дирекна и индирекна опсервација на новозапишаните ученици, на кои при упис им беа констатирани отстапки во развојот, според медицинска документација и проценка од МКФ. Целта на опсервацијата беше утврдување на рефлексиите на состојбата на детето врз редовниот образовен процес и обратно.

Содржинските мерки се однесуваа на одржување на консултации и информативни средби, со родителите и наставниците. Целта на консултациите и информативните средби со родителите на новозапишаните ученици е: олеснување и забрзување на процесот за прифаќање на состојбата на своето дете и начините на соодветно постапување кон своето дете во домашни услови. На родителите на новозапишаните ученици им беа доделени прирачници кои ги опишуваат соодветните начини на постапување во домашни услови во зависност од состојбата со која се соочува ученикот, во електронска и печатена форма

Со учениците кои посетуваат настава во нашето училиште се работи според ИОП и модифицарана програма. **ИОП и модифицирана програма** се изработуваат според препораките на **МКФ.**

### Планирање, програмирање и организирање на воспитно образовниот процес

**Изготвување на сопствената годишна и месечна програма за работа во учебната 2025/2026.**

- Период: Август, Септември
- Соработници: Педагог, Психолог, Дефектолог
- Цел: Планирање и програмирање на сопствената и работата на училиштето.

**Изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа за учебната 2025/2026**

- Период: Јануари
- Соработници: Самостојно
- Цел: Извештај за воспитно – образовната работа, извештај за сопствената работа.

**Формирање на тела за инклузија во училиштето**

Формирање на **училишен инклузивен тим.**

Состав: Директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, одделенски наставник, наставник од предметна настава, и родител на дете со посебни образовни потреби.

- Формирање на инклузивен тим за секое новозапишано дете кај кое се потврдени отстапки во развојот, според МКФ.

Состав: педагог, психолог, дефектолог, одделенски наставник или предметен наставник и родител на детето.

- Период на реализација: Ноември

Соработници: Педагог и Психолог, одделенски наставник, наставник од предметна настава и родител на дете со посебни образовни потреби.

**Работа со ученици**

**Евидентирање на учениците**

Учениците со П.О.П беа евидентирани на два начини, според приложена од страна на родителите, медицинска документација и функционална проценка. Оние ученици кои немаа медицинска документација и функционална проценка, а комисијата за упис се сомневаше во можни отстапки во развојот, беа упатувани на понатамошни медицински и функционално проценување.

Период на реализација: Мај

Соработници: Педагог и психолог

**Дефектолошко дијагностицирање на учениците со ПОП**

Откако беа потврдени отстапки во развојот кај учениците за кои имаше претходни индиции за тоа, дефектологот премина во следната фаза од неговата работа со учениците, односно дефектолошко дијгнастицирање на учениците со П.О.П, утврдување на рефлексиите на редовниот образовен систем врз состојбата на ученикот со П.О.П како и утврдување на рефлексиите на состојбата на ученикот врз редовниот образовен систем, дефектолошкото дијагностицирање се одвиваше според динамичко – функционалниот модел, при спроведувањето на овој модел, најпрво се утврдуваат капацитетите на ученикот ( што може, а што не може ученикот), потоа реакциите на ученикот кон средината и реакциите на средината кон ученикот и на крај се утврдуваат можностите за прифаќање на ученикот од средината.

За спроведување на дефектолошкото дијагностицирање беа користени следниве инструменти:

Тестови од психомоторната реедукација:

- Проценка на гнозија – топографија
- Тест за латерализација
- Тест за праксија и праксичка организираност
- Тест за графомоторика – линеација
- Тест за ритам
- Зрелост на ракопис
- Тест за просторни односи
- Тест за сознајни функции

Сите овие тестови се дел од дефектолошкиот наод и мислење врз основа на кои дефектологот е во можност да формира крајна слика за способностите на ученикот.

Давање на соодветна поддршка и следење на напредокот на учениците

со ПОП

Поддршката на учениците се обезбедуваше на следните начини:

- Помош на учениците од прво одделение за полесно да се адаптираат во одделението;
- Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот;
- Обезбебедување на образовни асистенти;
- Обезбедување на асистивна технологија.

Период на реализација: Во текот на цела учебна година
Соработници:Директор, Педагог и Психолог

**Професионална и кариерна ориентација на учениците**

Професионалната и карирната ориентација кај учениците се реализираше преку следните активности на дефектологот:

- Следење  анализирање и еваулација на напредувањето на учениците со П.О.П;
- Следење на интересите на учениците;
- Следење на вештините на учениците;
- Градење на навики за стекнување на вештини согласно интересите на учениците;
- Вежби за фина моторика;
- Стимулација на визуелна перцепција;
- Стимулација на аудитивна перцепција;
- Вежби од психомоторната реедукација;

При професионалната и кариерна ориентација на учениците, дефектологот во предвид ги зема состојбата на ученикот, неговите можности, интереси и вештини.

Период на реализација: Во текот на целата учебна година

**Советодавно – консултативна работа со наставници**

Советодавно – консултативнта работа со наставнаци се движеше во насока на проширување на квантумот на знаења кај наставниците во врска со инклузивната настава;

- Одржување на информативни средби со наставниците со цел запознавање со начинот на изработка на ИОП.
- Давање насоки за изработка на прилагодени тестови  во согласност со можностите на ученикот;
- Насочување на наставниците кон инклузивната архитектура на часот;

**Работа со родители**

- Изработка на програма за работа со родители;
- Соработка со родителите со цел запознавање со состојбата на нивното дете, што тие можат да направат во домашни услови за да му помогнат на детето во стимулацијата на неговите можности и како да му помогнат со цел да му го олеснат патот кон училишните постигнувања кои првенствено се однесуваат на социјализацијата на детето и усвојувањето на содржините и целите предвидени со ИОП. ( работа, дома, што, како и колку);
- Доделување на прирачници кои ја опишуваат состојбата на детето и соодветните начини на постапување кон детето во домашни услови;

- Редовно известување на родителите за напредокот на нивното дете според ИОП;
- Упатување на родителите до компетентни стручни лица – специјализирани за состојбата на детето;
- Информирање на родителите на децата со ПОП за нивните права и бенефиции кои можат да ги добијат од други институции и упатување до истите;
- Барање на писмена согласност од родителите со цел овозможување на дирекна и индиректна работа на дефектологот со децата со П.О.П.

Реализирана е соработка со сите родители, односно со сите родители чии деца се дијагностицирани и евидентирани како деца со посебни образовни потреби. Добиена е писмена согласност за директна и индиректна работа на дефектологот, истотака од сите родители.

Советувањето на родителите се движеше во насока на мотивирање и активирање на родителите во образовниот процес на нивното дете, при што им беше предочена значајноста на активната улога на родителите во образовниот процес како клучен фактор во напредокот на детето низ образовниот процес и надминување на стереотипите и предрасудите со кои се очекува нивното дете да се судри низ образовниот процес.

Период на реализација: Цело полугодие - работата со родителите беше диктирана од потребите на родителите и дефектологот во текот на целото полугодие.

Соработнци: Педагог и Психолог

**Соработка со заедницата**

Односот со заедницата се градеше во текот на целото полугодие низ воспоставување на соработка со општински и државни институции од областа на:

- Образованието;
- Здравствената заштита;
- Социјлна заштита;

**Водење на педагошка евиденција и документација**

- Водење на хронолошки дневник за сопствената работа;
- Водење на досие за секој ученик;
- Водење на дневник за индивидуалната работа со секој ученик, содржина на активноста, цел на активноста, форми и методи, инструменти, соработници, средства за работа;
- Водење на личен профил и проценка на ученикот;
- Изработка на ИОП во соработка со наставниците, дефектологот има консултативна улога;
- Водење на регистар за ученици
- Извештаи за напредокот на децата. Период на реализација: Цело полугодие

**Професионално усовршување на дефектологот**

Професионалното усовршување на дефектологот се одвиваше во текот на целото полугодие и се реализираше преку:
Посетување на обуки со физичко присуство, организирани од надворешни институции, владини и невладини организации;
Посетување на online обуки, организирани од надворешни институции, владини и невладини организации;
Консултација со стручна литература; Консултација со интернет содржини;
Консултација со стручни кадри, компетентни за состојбата на детето; Консултација со педагошко – психолошката служба во училиштето.
Консултација со наставниот кадар во училиштето.
Соработници: Педагог и Психолог
Период на реализација: Цело полугодие

Специјален едукатор и рехабилитатор
*Игор Евтимов*

# Извештај за работата на училишната библиотека во првото полугодие во учебната 2025/2026 година

Училишната библиотека е составен дел од целокупната воспитно – образовна дејност во училиштето, и во рамките на создадените услови за работа, во Првото полугодие успешно го спроведуваше современиот образовен процес кој бара оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготовка за перманентно образование. Училишната библиотека е опремена со лектирни изданија, стручни прирачници за наставниците и друга литература. Книгите се издаваат на барање на учениците и наставниците или пак по сугестија на библиотекарот. Со тоа библиотекарот им помага и им овозможува правилно насочување при избор на книгата.

Библиотеката во нашето училиште располага со околу 1600 наслови на монографски публикации.

Полугодишниот извештај на Библиотеката содржи резултати од реализираната програма предвидена во Годишната програма на училишната Библиотека. Од тоа се креира слика за Библиотеката, но и за нашето училиште во текот на Првото полугодие. Голем број активности и задачи од годишната програма за работа на Библиотеката се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекувани цели.

**ВО СЕПТЕМВРИ БЕА СПРОВЕДЕНИ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:**

Уредување на новата училишната библиотека за почеток на учебната 2025/2026 година;
Изготвување годишен и месечен оперативен план за работа;
Уредување на магацинот;
МОН – акција за бесплатни учебници, примопредавање и воведување на учебници по новата концепција;
Уредување на инвентарната книга и распоред на книжен фонд за уредување на електронската библиотека;
Е – библиотека, распоред, класификација и пополнување;
Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците;
Одржување на часови предвидени во годишната програма на библиотеката и водење евиденција.

**ВО ОКТОМВРИ БЕА СПРОВЕДЕНИ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:**

Библиотека на тркала;
Обновување на оштетени книги;
Контрола и грижа на библиотечниот фонд;
Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал;
Оспособување на учениците кои покажуваат интерес за работата на библиотеката и самостојно користење на библиотечен материјал;
Учество на натпреварот „Млади библиотекари“;
Записници од Наставнички совет, пишани и електронски
МОН – тек на акција со бесплатните учебници, дистрибуираните учебници тековно поделени;
Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците и водење електронска евиденција за истото.

**ВО НОЕМВРИ БЕА СПРОВЕДЕНИ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:**

Записници од Наставнички совет, пишани и електронски;
Уредување на инвентарната книга и распоред на книжен фонд за уредување на електронската библиотека;
Уредување на магацинот;
Одржување на часови предвидени во Годишната програма на Библиотеката.
Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците и водење електронска евиденција за истото;
Одржување на Патрониот празник на училиштето.

**ВО ДЕКЕМВРИ БЕА СПРОВЕДЕНИ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:**

Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците и водење електронска евиденција за истото;
Одржување на часови предвидени во Годишната програма на Библиотеката.
Потсетување на учениците за навремено враќање на книгите кои биле земени во текот на првото полугодие како и давање предлози, согласно нивните желби за читање, за книги кои би сакале да ги прочитаат за време на зимскиот распуст.

И во второто полугодие стремежот за развој на училишната библиотека е ист: да се пробуди кај учениците интерес за читање, да се развива и подигне културата на читањето, да се гради естетски однос кон книгата.

**Со еден збор да се има почит кон книгата – нашиот најверен другар!**

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-БИБЛИОТЕКАР:

Кристина Митева

## РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ СОВЕТИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| СОДРЖИНА | УЧЕСНИЦИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|
| ❖ I-V и VI -IX одделение<br>❖ Мерки за согледување и следење на резултатите на учениците;<br>❖ Активности за подобрување на резултатите од учењето и однесувањето на учениците<br>❖ Информирање на родителите<br>❖ Средби со претседателите на одделенските заедници | Раководна и стручна служба, наставници и ученици | Подобрување на резултатите од учењето, успехот, редовноста, дисциплината и потребите на учениците. |

## РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТ (ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА)

| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (СЕПТЕМВРИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Цели*** | ***Содржини*** | ***Реализатор*** | ***Ресурси*** | ***Добиени ефекти*** |
| Оспособување на одделенскиот раководител за успешно реализирање на програмата за работа | Организирано средување на паралелките со посебен осврт на распределбата на учениците во прво одделение | Стручни соработници, педагог и психолог | Стручна литература и сознанија добиени од следење на работата на одделенскиот раководител | Подигање на квалитетот на работата на одделенскиот раководител |
| Одделенските раководители да се оспособат за правилно изготвување на годишната програма | Изготвување на годишни програми за работа на слободните ученички активности | Одделенски раководител | Литература за годишна програма на слободни ученички активности | Погигање на квалитетот кај одделенскиот раководител |

| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (ОКТОМВРИ) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Цели*** | ***Содржини*** | ***Реализатор*** | ***Ресурси*** | ***Добиени ефекти*** |
| Подолго време задржување со учениците во училиштето | Организирање на слободното време на учениците | Одделенски раководител | Стручна литература | Позитивно – воспитно делување на учениците |
| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (НОЕМВРИ)** | | | | |
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***Добиени ефекти*** |
| Продлабочување на воспитните ефекти | Анализа на програмите и задачите по одделенија и наставни предмети | Одделенски раководител и, стручни соработници, директор | Литература и учебни помагала | Подобрување на начинот на проверка на знаењата |
| Воочување на недостатоците и залагање истите да не се повторуваат | Анализа на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие | Наставници,директор, стручни соработници | Педагошка евиденција | Подобрување на успехот и поведението на учениците |
| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (ДЕКЕМВРИ)** | | | | |
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***Очекувани ефекти*** |
| Подобрување на квалитетот на учењето | Решавање на ученичките проблеми | Наставници, стручни соработници | Разговор со учениците, наставниците | Разрешување на тековните проблеми |

# *РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТ (ОД VI-IX ОДДЕЛЕНИЕ)*

| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (септември)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***ефекти*** |
| Оспособување на одделенскиот раководител за успешно реализирање на програмата за работа | Организација на паралелките | Одделенски раководители | Стручна литература | Подигање на квалитетот на работа на одд. раководител |
| Осознавање на способностите и потенцијалите на учениците | Планирање на воннаставни активности | Одделенски раководител | Стручна литература | Ангажирање на учениците во воннаставни активности |
| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИИЈА (ОКТОМВРИ)** | | | | |
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***ефекти*** |
| Создавање на културни навики кај учениците | Ранотна дисциплина кај учениците | Ученици, наставници, | Стручни соработници и одд.раководители | Подобрување на дисциплината кај учениците |
| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (НОЕМВРИ)** | | | | |
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***ефекти*** |
| Воочување на недостатоците и водење сметка истите да не се повторат | Анализа на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие | Одд.раководители, предметни наставници, стручни соработници, директор | Педагошка документација и евиденција | Подобрување на успехот и поведението на учениците |
| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА (ДЕКЕМВРИ)** | | | | |
| ***цели*** | ***содржини*** | ***реализатор*** | ***ресурси*** | ***ефекти*** |
| Создавање навики за учење | Реализација на дополнителна настава | Предметни наставници | Стручна литература | Подобрување на успехот |

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026ГОДИНА

Во текот на Првото полугодие од учебната 2025/20256година беа одржани 5 наставнички совети, во прилог е табелава за реализираното:

| Дата | Тема, содржина | Реализатори |
|---|---|---|
| 27.08. 2025 | • Разгледување и утврдување на успехот од поправните испити во август месец.<br>• Самоевалуација;<br>• Почеток на учебната 2025/2026 година; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 18.09. 2025 | • Одредување ментор на наставниците – приправници; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 11.11.2025 | • Утврдување на успехот и поведението на првото тримесечје;<br>• Подоготовка за патронатот; | Директор, стручни соработници, наставници |
| 04.12.2025 | • Давање мислење за стипендии;<br>• Тековни активности. | Директор, стручни соработници, наставници |
| 14.01.2025 | • Утврдување на успехот и поведението на учениците од првото полугодие од учебната 2025/26 | Директор, стручни соработници, наставници |

# ВОДИЧ ЗА НАСТАВНИКОТ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС

- Планирање на воспитно-образовната работа, согласно програмата што треба да се реализира акцентирајќи ја важноста на дневната подготовка како предуслов за квалитетна настава. За остварување на оваа цел покрај другото наставникот треба да има јасно дефинирани цели кои треба да се постигнат на часот.
- Часот да започне со утврдување на предзнаењата на учениците за новата содржина преку фронтална работа, усно искажување, контролни ливчиња, односно да води сметка колку и како ќе го користи ученичкото искуство.
- Создавање на релаксирана атмосфера следена со мотивациони фактори.
- Истакнување на планот за работа со јасно дефинирани цели и задачи на часот, упатства за работа на учениците.
- Наставните методи да одговараат на содржината
  - ✓ Да се поттикнува и организира самостојна работа на учениците преку наставни ливчиња, водичи, литература како извор на знаењаи друго.
  - ✓ Да се развива култура и навики за тимска работа (работа во парови, групи и кооперативно учење)
- Да ги поттикнува и насочува учениците во учењето.
- Да има диференциран приод спрема интересите и способностите на учениците.
- Поставување на проблемски ситуации за развивање на мисловните процеси.
- При раководење на часот а и од самата содржина да има високи и остварливи очекувања.
- Добивање фидбек преку контролни ливчиња, тематски тестови и тестови по нивоа.
- Да го прати развојот и напредокот на ученикот.
- Искористување на постоечки ресурси (материјални, природни, човечки) и план за напредување на истите.
- Повисок стандард на културно ниво.
- Самопроценка, самостојност и самопочитување.

Двонасочна комуникација наставник-ученик, наставник-родител

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Орган на управување во училиштето е училишниот одбор. Училишниот одбор е составен од 7 члена:

- **Претставници од училиштето: 3**
- **Претставници од родителите на учениците: 3**
- **Претставници од основачот: 1**

Училишниот одбор во првото полугодие одржа 4 седници.

| Дата | Дневен ред |
|---|---|
| 16.10.2025 | ➢ Усвојување на самоевалуација<br>➢ Тековни активности<br>➢ Реакција на родителите за превоз на децата од с. Дамјан |
| 05.12.2025 | ➢ Претставување на вршител на должност<br>➢ Изјави на членовите на УО за роднински/нероднински врски со директор<br>➢ Разгледување и давање мислење за избор на наставници по распишан оглас бр. 04-133/1 од 04.11.2025<br>➢ Предлог план за 2026- Буџет<br>➢ Тековни активности |
| 10.12.2025 | ➢ Разгледување и усвојување на предлог годишен план за вработување за 2026 година<br>➢ Разгледување и усвојување на одлука за броило на Елрад Енерџи ДООЕЛ |
| 22.01.2026 | ➢ Разгледување и усвојување на прво проширување на финансов план за намирување на обврските за 2026 година. |

# ПРОГРАМА ШТО ЈА РЕАЛИЗИРАШЕ СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Советот на родители беше оформен од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Советот на родители ја следеше, разгледуваше и даваше мислење за остварување на воспитно-образовната работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на родители е утврден со статутот на училиштето.

| Содржина на активностите | време |
|---|---|
| - Информации за почеток на учебна 2025/256година;<br>- Информациите  се однесуваат на почитување на куќниот ред на училиштето како и кодексот и правилникот за однесување на учениците при ООУ„Крсте П.Мисирков“, со посебен акцент на почитувањето на обврската за носење на униформа, внесот на храна и забраната за употреба на мобилни телефони.<br>- Анализа на самоевалуацијата на училиштето- советот даде позитивно мислење за истата.<br>-Идеја и реализација на :<br>Повик за донација и собирање на стара училишна униформа која е мала, но е во добра состојба | 16.09.2025г. |
| - Разно(иницијатива за организација на Новогодишен базар и намена на средствата собрани на базарот за хуманитарни цели за лекување на Милена, под мотото “Од срце за Милена”<br>-Учество на советот на родители  на “Новогодишен базар” во холот на училиштето со ученички  новогодишни изработки и домашно подготвена храна. | 22.12.2025г. |

Претседател:
*Даниела Ѓоргиева*

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ КОЈА БЕШЕ РЕАЛИЗИРАНА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во рамките на училиштето наставниот кадар ги формираше следните активи:

1. Актив на одделенска настава од I-V одделение;
2. Актив на естетско-јазична група;
3. Актив на природно-математичка група на предмети;
4. Актив на општествена група на предмети.

Во текот на првото полугодие секој стручен актив одржа најмалку три состаноци. Состаноците беа организирани врз основа на изготвена програма за работа усвоена од Наставничкиот совет на училиштето.
Од реализираното а застапено во програмата на училиштето ги наведуваме само активните задачи карактеристични за секој актив додека поединечни програми секој актив има доставено до директорот на училиштето.

1. Изготвување, разгледување и усвојување на наставните програми со вградените измени и дополнувања на истите.
2. Изготвување и усвојување на Годишната програма за работа на стручните активи, одредување на одговорен и поделба на задолженија.
3. Разгледување на програмите за додатна и дополнителна настава, СУА, секции, ученички организации. Ова се однесува само на членовите на активот кои имаат такви задолженија.
4. Информација за број и вид на потребни нагледни средства и помагала кои ги поседува училиштето и договор за купување нови.
5. Воведување на нови наставни форми и методи, иновации во наставата.
6. Усогласување на критериумот за оценување.
7. Одредување на период за изработка на писмени задачи, контролни вежби и тестови на знаење во текот на учебната година.
8. Утврдување на наставни форми за следење, проверување и оценување на стекнатите знаења на учениците.
9. Договор за времето, видот и начинот на организирање на училишните натпревари, утврдување на броот на учениците кои ќе учествуваат/
10. Одредување на бројот на ученици и предмети за општински и регионални натпревари.
11. Доставување на пишани примероци на обработени стручни написи и практични нагледни предавања.
12. Водење и чување на записници за работата на активот.

## Реализиран план и програма за работа на училишниот парламент и ученичката заедница за првото полугодие во учебната 2025/26 година

| Ред.бр. | Тема, содржина | Време на реализација | реализатори |
|---|---|---|---|
| 1. | ➢ Одбележување на почетокот на учебната година и свечен прием на децата во прво одд.со пригодна програма од страна на постарите ученици.<br>➢ Конститутивна седница на Училишниот парламент(избор на раководство) | Септември | Ученици, наставници |
| 2. | ➢ Одбележување на детската недела и прием на првоодделенците во Детската организација.<br>➢ Изработка на плакати со правата на децата и нивно претставување пред учениците. | Октомври | Ученици, наставници |
| 3. | ➢ Активности за одбележување на Патрониот празник | Ноември | Ученици, наставници, |
| 5. | ➢ Активно учество во Новогодишниот базар организиран од училиштето | Декември | Ученици, наставници |
| 6. | ➢ Учество во Новогодишниот маскембал. | Декември | Ученици, наставници, директор |

# ЕКО ПРОЕКТ

Во учебната 2025/2026 г. во проектот ќе се обидеме да вклучиме стручни лица по оваа област. Имајќи го во предвид искуството од минатата година, оваа учебна година ЕКО СТАНДАРДИТЕ ќе се продлабочуваат во повеќе насоки:

- Имплементирање на содржините од проектот директно во наставата во прво и второ одделение по одредени предмети.
- Соработката со родителите ќе биде примат.
- Посета на одредени места кои се директно поврзани со ЕКО СТАНДАРДИТЕ (Метеоролошка станица,вештачко езеро,блиска шума,блиската непосредна околина,посета на резервоарите за питка вода од Студенчица итн...
- Одржување на училишната зграда и училишниот двор кој воедно претставува катче на природа за релаксирање и изведување на настава по одредени предмети.

Сите активности ќе бидат подржани со фотографирање и видео записи и истите ќе бидат префрлани во електронска папка

Секој ЕКО стандард ќе биде дополнително разработен по месеци се до крајот на учебната 2025/2026 год.

Активностите на наставниот кадар кој е вклучен во овај проект ќе бидат интензивни, содржајни, креативни при што ќе се има потреба од финансиска логистика за реализрање на активностите.Очекувањата на наставниот кадар е да се здобие со меѓународен сертификат кој е неопходен по однос на критериумите за оценување на наставниците.

## ЕКО КОДЕКС-ЕКО СТАНДАРД:

ЗА НАМАЛУВАЊЕ И ПРАВИЛНО РАКУВАЊЕ СО ОТПАД
ПРВО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 учебна година

1. Да не се расфрлаат несовесно и неодговорно секакви отпадоци насекаде;
2. Да се собираат отпадоците на вистинските места- т.е во корпите;
3. Секој Понеделник на одделенски час по распоред да се чисти;
4. Ходниците, дворот и паркот секогаш треба да се чисти;
5. Хартијата, пластиката и железото да се знае- се различен вид на отпад;
6. Отпадот всушност не е отпад- може да ре РЕупотреби; т.е да се РЕциклира;
7. Нема ништо поубаво од чиста училница, чист ходник, вц, двор и парк;
8. Застани, погледни, забележи и ДЕЈСТВУВАЈ постојано, позитивно и континуирано- собирај и фрлај на соодветни места;
9. Третирањето на отпадот ја отсликува нашата (не) култура;
10. Сакај ја чистотојата, одржувај ја и уживај во неа;
11. Не внесувај храна и сокови во училиште за да бидат храна на штетниците кои носат заразни болести и епидемии;
12. Не фрлај секакви отпадоци во вцеата за да се спречи затнување на фекалната канализација;
13. Како правиш- така ти се враќа;
14. Живеј со позитивна енергија, грижа и љубов кон чистата средина;

**Првото полугодие голем акцент се стави на ЕКО СТАНДАРДИТЕ (имајќи ја предвид возраста на учениците)**

# ЕКО СТАНДАРДИ
















МОТО на проектот

„НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА“

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ И ДРУГИ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## Воведни одредби

Наставникот создава училишна клима во која секој ученик и вработен се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Определувајќи се за професијата просветен работник ,наставникот, СЕ ОБВРЗУВА:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитувањето и образованието на учениците да му претставува највисок императив во професионалното однесување;
- со сите сили да ја чува честа и благодарните традиции на професијата просветен работник и при вршење на своите должности да не дозволи да прави никакви полови,национални, расни, возрастни разлики, сексуална наклонетост и општествено-економска положба;
- на своите ученици, нивните родители и своите колеги да им го изразува должното почитување.

## Кодекс за наставници

-Да го почитуват времетраењето на часот
-Да оценуваат реално
-Да е пример со своето облекување и однесување
-Да ја почитува личноста на секој ученик
-Да ја почитува различноста на учениците, да не ги дискриминира
-Да создава пријатна работна атмосфера
-Да не влегуваат во конфликт со учениците.
-Да ги известуваат учениците за контролни задачи и тестови.
-Да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот.
-Да внимава на својот говор, тој треба да е литературен и јасен
-Да настојува ученикот навреме да ги извршува своите задачи.
-Да ги почитува сите вработени во училиштето.

## НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВОТО

-Воспитно-образовниот процес е процес на вклопување на младата генерација во актуелната цивилизација преку усвојување на научни откритија и аксиолошки ставови врз кои се темели современото општество.

-Наставникот и општествената јавна личност е основен носител на воспитно-образовниот процес.

-Како носител на важна и одговорна општествена функција, наставникот е должен низ целиот свој работен век да се залага и да се бори за епистемолошки квалитетен и хумано насочен образовен систем. НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВОТО

-Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за достоинство на професијата просветен работник, бидејќи само достоинствени личности можат кај своите ученици низ процесот на едукација да развијат почит кон мудроста и стремеж кон доблеста.

-Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање, што е прв услов за квалитетно организирање на едукативниот процес.

-Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за соодветен материјален

надомест за неговата работа што ќе му овозможи достоинствено да живее од неговата професија и да се посвети целосно на квалитетното, стручното и одговорното извршување на неговите работни задачи.

**НАСТАВНИКОТ И СТРУКАТА**

- ✓ Секој наставник е стручен за определена област и е застапник на определена наука во училиштето и во пошироката општествена заедница.
- ✓ Наставникот треба постојано да се залага за општествена афирмација на својот предмет,а тоа ќе го постигне преку:
- ✓ развивање на чувство на радост од новите сознанија кај учениците;
- ✓ предизвикување на почит кон предметот кај колегите;
- ✓ побудување на љубопитност за проблемите што ги поставува неговиот предмет кај граѓаните од пошироката општествена јавност.
- ✓ Како стручна и општествена јавна личност, наставникот може и треба да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, со пишување на статии, стручни трудови, книги и сл.
- ✓ Наставникот треба да биде свесен дека како врвен во својата струка и просветител директно е одговорен за создавање на интелектуален потенцијал и етичка ориентација на граѓаните и севкупниот свој професионален ангажман да го мобилизира во таа насока.

**НАСТАВНИКОТ И ЧАСОТ**

- ✓ Наставникот е должен да го започне часот на време.
- ✓ Часот треба редовно да биде евидентиран, како и отсутните ученици.
- ✓ Часот треба да биде максимално заштитен од соопштенија, разговори кои не се во врскасо планираната задача и посети кои би го оневозможувале планираниот тек на времето.
- ✓ Секој час треба да биде добро испланиран и тоа на тој начин што ќе овозможува максимален ангажман на сите ученици и постигнување на максимумот од зацртаната цел до крајот на часот.
- ✓ Времето на академското учење мора да биде максимално долго.
- ✓ Часот треба да се изведува според современата наставна технологија, при што ќе се користат нагледни средства со кои ќе се олеснува учењето.
- ✓ Наставникот треба да биде компетентен за работата што ја врши.
- ✓ Наставникот е должен да ги почитува законските одредби.
- ✓ Наставникот секогаш и секаде внимава на својот јазик, кој треба да биде литературен, јасен, достапен и достоинствен.
- ✓ Наставникот треба секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување:
- ✓ тој секогаш внимава на својот морален лик;
- ✓ не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични намени или да ја злоупотреби;

ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ЛИК НА НАСТАВНИКОТ

- не се експонира во јавноста под дејство на алкохол, дрога или во афективна состојба;
- се однесува според правилата на интелектуалното однесување;
- гради авторитет и е личност во која може да се има доверба.
- Секој наставник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература, посета на семинари, размена на искуства со колеги и друго.
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик.

- Наставникот е обврзан професионално и чесно да се однесува кон секој ученик без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено-економската положба.
- Наставникот верува дека секој ученик може да научи и е должен на секој ученик тоа да му го овозможи.
- Наставникот не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува самостојноста и критичката мисла на ученикот.

**НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ**

- ✓ Наставникот го учи ученикот како да учи.
- ✓ Наставникот го оценува само знаењето на ученикот и реално го оценува секој одговор на ученикот, без оглед на претходните оценки.
- ✓ Наставникот бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно го следи и вреднува.
- ✓ Наставникот никогаш не го казнува ученикот телесно и не го малтретира психички.
- ✓ Секој наставник избира слободна (вонnаставна) активност во која се смета најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти.
- ✓ Наставникот е должен редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставната материја.
- ✓ Секој наставник бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид девијантно однесување во класот или надвор од него веднаш да реагира со укажување.
- ✓ Наставникот е должен да го сослуша секој ученик кој ќе му се обрати за помош во решавање на лични проблеми, да му помогне или да го упати на стручна помош во или надвор од училиштето.

**НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ**

Наставникот е во постојана комуникација со родителот и е должен:

- навремено да го повикува; - навремено да го известува;
- да ги почитува неговите аргументи;
- да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите;
- да му ја кажува вистината;
- да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне.

**ОДНОСОТ МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ**

- ✓ Наставникот е должен да го почитува секој свој колега и меѓусебната соработка да се темели врз другарство, искреност, одговорност, разменување и пренесување искуства.
- ✓ Наставникот е должен да ги цени и почитува стручноста и достоинственоста на секој наставник во комуникација со учениците, родителите и други лица.
- ✓ Наставникот е должен да биде максимално ангажиран во работата на стручниот актив на кој припаѓа.
- ✓ Наставникот е должен да биде активен член на наставничкиот совет и со тоа да помага во реализацијата на политиката на училиштето.
- ✓ Наставникот е должен да ги почитува и да се однесува според одлуките на наставничкиот совет.
- ✓ Наставникот треба да се однесува кон колегите како што тој сака тие да се однесуваат кон него; односот на почитување обезбедува услови за креативност и конструктивна работа.

**ОДНОСОТ МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ НАСТАВНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО**

- ✓ Наставникот е должен да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава.
- ✓ Наставникот треба да прифати дека, додека се наоѓа во училиштето тој е на должност цело време и насекаде.
- ✓ Наставникот е должен кабинетот во кој изведува настава да го чува и да го направи пријатно катче за работа, препознатлив простор за предметот кој го предава.
- ✓ Наставниците се должни редовно да ја следат и евидентираат редовноста на учениците , навремено евидентирање на отсутните ученици и евидентирање на наставниот час во е-дневник.

**НАСТАВНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО**

- ✓ За секое отсуство на учениците наставникот води евиденција за која дополнително соодветно постапува по комуникација со родителот и класниот раководител.
- ✓ Наставниците навремено да ги информираат учениците и родителите за времето и начинот на проверка на знаењата на ученците.
- ✓ Наставниците се должни да организираат часови за консултација со учениците кои имаат потреба од тоа.
- ✓ Наставниците се должни достојно да го чуваат угледот на училиштето во и надвор од него.
- ✓ Задолжително носење на работна облека (мантил).

**КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

- ✓ -Вработениот навреме да доаѓа на работа.
- ✓ -Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа.
- ✓ -Вработениот треба да го почитува секој ученик и другите вработени.
- ✓ -Вработениот треба да го почитува времетраењето на паузата и да не ја користи надвор од предвидениот временски рок.
- ✓ -Вработениот со својот лик, однесување, говори култура треба да биде пример за учениците и за сите вработени.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Секој учесник во воспитно- образовниот процес се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс. За непочитување и непридржување кон одредбите на овој кодекс одговорен е прекршителот лично.

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Воспитанието и образованието се приоритет на секој ученик Мотивација, успех, знаење - НАШИ ПРИОРИТЕТИ

**ЛИКОТ НА УЧЕНИКОТ**

**Ученикот ТРЕБА: 1**

- да се стреми кон постигнување на подобри резултати во наставата;
- да се ангажира во воннаставните активности согласно своите можности и интереси;
- да биде објективен, коректен и одговорен во однесувањето;
- да ги почитува законските одредби во училиштето;
- да не пуши цигари, не користи алкохол и дрога во училиштето.

**УЧЕНИКОТ И УЧЕЊЕТО**

**Ученикот ТРЕБА: 2**

- да пројавува интерес за учење;
- да развива способност и навика за учење;
- да стекнува вештини за лично надградување и организирање на слободното време.

**УЧЕНИКОТ И СЕМЕЈСТВОТО**

**Ученикот ТРЕБА: 3**

- редовно да ги информира своите родители за постигнатите успеси и неуспеси;
- редовно да ги информира родителите за денот на родителиските средби, отворените денови во училиштето и сите активности што се на релација: училиште-ученик-родител;
- да ги почитува укажувањата на родителите.

**УЧЕНИКОТ И УЧИЛИШНИТЕ СЛУЖБИ**

**Ученикот ТРЕБА: 4**

- ученикот има право да побара помош од директорот, одделен-ските раководители/раководителите на паралелките, предметните наставници и стручните соработници;
- доколку ученикот свесно не ги почитува овие начела и принципи, кон него ќе се преземаат соодветни педагошки мерки.

**ПРАВИЛА НА КОЛЕКТИВЕН ЖИВОТ**

**МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА УЧЕНИЦИТЕ**

Ученикот СЕ ОБВРЗУВА:

- да ги почитува соучениците и учениците од училиштето;
- да соработува со другите ученици;
- да почитува и гради другарство;
- да биде толерантен и да им помага на другите;
- да пренесува знаење на другите.

**УЧЕНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО**

Ученикот ТРЕБА:

- да ја почитува личноста на вработените;
- коректно да се однесува кон сите;
- да има одговорен однос кон училишниот инвентар и другите материјални добра;
- да ги почитува укажувањата на вработените во училиштето;
- да го почитува Куќниот ред на училиштето;

**УЧЕНИКОТ И НАСТАВНИОТ ЧАС**

Ученикот ТРЕБА:

- навреме и редовно да доаѓа на настава;
- задолжително да присуствува на часовите;
- за секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот или старател;
- да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот;
- активно да се ангажира за време на часот;
- за време на часот мобилните телефони да се исклучени и да не се користат.

**УЧЕНИКОТ И БЕЗБЕДНОСТА**

Ученикот ТРЕБА:

- при движење во училиштето, задолжително ги следи поставените насоки за движење;

Ученикот НЕ СМЕЕ:

- да носи на училиште ладно или огнено оружје и експлозивни направи;
- да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето;
- за безбедноста на личните предмети ја сноси одговорноста.

**ПРАВИЛА ЗА ДОЛЖНОСТИТЕ И ОДНЕСУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Учениците се должни да доаѓаат 10 минути пред почетокот на наставата.
- За време на одморите учениците не треба да се задржуваат во ходниците, туку во зависност од должината на одморот и временските услови се задржуваат во училишниот двор или училницата -кабинетот по укажување на дежурните наставници. Учениците го почитуваат текот на наставата , а оние што задоцниле

не остануваат во ходникот или дворот, туку влегуваат во училницата.

- Учениците се должни да го почитуваат распоредот на седење предложен од одделенскиот наставник или предметниот наставник.
- Украсувањето и уредувањето на училниците и кабинетите е во согласност со критериумите изработени од страна на училиштето.
- Имаат должност редовно да ја одржуваат личната хигиена и хигиената во училница.
- Отпадоците задолжително ги фрлаат во корпите за отпадоци поставени во училишната зграда и во училишниот двор.
- Имаат обврска да го чуваат инвентарот во училиштето, нагледните средства, кабинетскиот прибор, компјутерите и училишните книги.
- Со личен пример треба да придонесуваат во градењето на другарството во паралелката и училиштето. Забрането е предизвикување и јавното навредување, заканување и физичка пресметка на релација ученик-ученик и ученик-наставник (вработен).

- Се санкционира индивидуално и групно доцнење и самоволно напуштање на часови кое е организирано или неорганизирано. Оние ученици кои принудуваат други или пак самите пушат цигари, употребуваат алкохол и наркотични средства во училиштето ќе бидат најстрого казнети.
- Се забранува внесување на запалливи и експлозивни средства со кои се загрозува безбедноста на училиштето, учениците и вработените.
- На учениците не им е дозволена дискриминација заснована на: пол, раса, национална припадност, социјално потекло и верско убедување.
  - На учениците им е забранета злоупотребата на половите разлики.

За непочитување на ПРАВИЛАТА следуваат соодветни педагошки мерки. Почитувај ги правилата и должностите, тие ќе те направат подобар ученик!

**КУЌЕН РЕД**

- Навремено доаѓање на училиште најдоцна 10 минути пред почетокот на наставата.
- Во случај на доцнење ученикот треба да влезе во училница, да се извини и да ги наведе причините за негово доцнење,.
- Задоцнетиот ученик од одделенска настава да биде во присуство на родител додека не влезе на час.
- Во училиштето, учениците и родителите кои придружуваат деца, влегуваат на двете влезни врати.
- Задолжително носење примерна гардероба и фризура.
- Учениците ги напуштаат кабинетите за време на одморите.
- Примерно однесување во училиштето, кабинетите и училишниот двор. - Учениците не треба да доаѓаат на училиште во кратки маици,искинати фармерки и кратки панталони.
- Се излегува или влегува мирно, без трчање, туркање, викање, свирење и задржување по ходниците.
- По завршување на наставата и другите вонннаставни активности учениците не смеат да се задржуваат во училиштето и училишниот двор без потреба.
- Учениците кои доаѓаат пред часови за работа во секции и додатните активности се должни да влезат во кабинетите заедно со одговорниот наставник.
- Учениците културно и со причина влегуваат во наставничката и директорската канцеларија.
- Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат и доцнат на настава и други училишни должности.
- Не се дозволува стоење, довикување, фрлање на предмети и отпадоци од прозорците.
- Учениците не треба да повикуваат лица од други училишта за време на наставата во училиштето.
- Информации за распоредот на часови и приемни денови на предметните наставници, учениците добиваат на огласната табла на училиштето.
- Учениците се должни да го чуваат училишниот инвентар и правилно да ги користат

книгите земени од училишната библиотека. – Во случај ученикот да направи штета ја сноси самиот ученик (родител).

- Почитување на возрасните и учениците во училиштето , во училишниот двор и околината.
- Еднодневните излети од воспитно-рекреативен карактер се задолжителни за сите ученици согласно законот за основно образование и наставниот план и програма.
- Изостаноците од еднодневните излети учениците (родителите) се должни да ги оправдаат.
- Дежурниот наставник во ПРВА СМЕНА доаѓа најдоцна во 07:15 часот -заминува во 13:00 часот, а ВТОРА СМЕНА доаѓа во 13:00 часот, а заминува во 18:35 часот.
- ЗАДОЛЖИТЕЛНО носење на работна облека (мантил).
- Учениците НЕ ТРЕБА да внесуваат: – Опасни, остри и тврди предмети – Запаливи средства – Наркотични средства
- Користењето мобилни телефони на часовите не е препорачливо,злоупотребата (сликање,снимање на час се санкционира - со одземање на телефонот.
- Родителот да се придржува на распоредот за приемни денови и отворениот ден на предметните наставници.
- Родителот да го остава-пречекува ученикот во училишниот двор. **БАРАЊЕ НА ОТСУСТВО**:одобрување од еден час дава предметниот наставник.За еден до пет наставни дена дава одделенскиот раководител. Од шест до триесет наставни дена дава Директорот.
- Во случај на отсуство на ученикот родителот е должен во рок од пет дена да го оправда.

**ЗАБРАНЕТО:**

- Застанување и паркирање со автомобили пред главната врата на училиштето.
- Влегување со автомобили и моторцикли во училишниот двор
- Врз основа на член 72 став 1 и член 108 став 1 алинеа 12 од Законот за основното образование (Сл. Весник на Република Северна македонија бр. 161/19) Училишниот одбор донесе

# П Р А В И Л Н И К
# За регулирање на редовноста, отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошките мерки и начинот за нивно изрекување

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

Член 1
Со овој Правилник се утврдува, правата и обврските на учениците, односно редовност на настава на учениците, изостаноците, начинот на регулирање на изостаноците,видот на педагошките мерки и начинот на нивно изрекување.

**РЕДОВНОСТ, ИЗОСТАНОЦИ И НАЧИН НА ОПРАВДУВАЊЕ НА ИЗОСТАНОЦИТЕ**

Член 2
Основно право и обврска на секој ученик е редовно да присуствува на сите наставни часови и на сите други задолжителни активности што треба да се спроведуваат во паралелката во која учи ученикот, како и да ги исполнува обврските утврдени со Законот за основно образование и општите акти на училиштето.

Член 3
За време на одржувањето на наставниот час, како и на другите активности, ученикот не смее со своето однесување да го попречува изведувањето на наставата, ниту да ја нарушува работната атмосфера во паралелката.

Член 4
За секое изостанување на ученикот од наставата родителот односно старателот е дочжен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.
Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот односно старателот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.
Директорот на училиштето по писмено барање на родителите односно старателите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од настава, но не подолго од 30 дена.

Член 5
Секое отсуство на ученикот од наставата ќе биде евидентирано во одделенскиот дневник.
Отсуствата на ученикот од настава можат да бидат оправдани и неоправдани.
Отсуството се смета за оправдано доколку е направено поради болест на ученикот или по барање на родителот на ученикот, или е ослободен по основ за учество на одредени натпревари или други манифестации и овие отсуства се оправдуваат **врз основа на лекарска потврда, односно писмена изјава дадена од страна на родителот/старателот на ученикот,**односно одлуката од одделенскиот раководител, Наставнички совет или Директорот.

Регулирање на изостаноците на учениците за отсуството од наставата, ја врши Одделенскиот раководител.

Член 6
Доколку ученикот нема оправдание за отсуството, истото се евидентира како неоправдано од настава, усно и писмено се известува родителот на ученикот, за кое се составува и слижбена белешка во која накратко ќе се наведат причините за неоправданотот отсуство од настава на ученикот.

Член 7
За време на траењето на наставниот час, наставникот не смее да го отстранува ученикот од час, ниту психичко или телесно да го казнува.
За евентуалните негови недозволени постапки за време на одржувањето на наставни или други задолжителни активности ќе го опомени ученикот и доколку нема резултатзадолжително ќе го извести одделенскиот раководител, кој има обврска да разговара со ученикот, во присуство на еден од родителите, а по потреба и со стручните соработници во училиштето, за што секој води сопствена евиденција.

**ПЕДАГОШКИ МЕРКИ**

Член 8
Педагошките мерки се изрекуваат на учениците со цел да се спречат и отстранат негативните појави, немарен однос на ученикот спрема воспитно образовната работа, кршење на одредбите од куќниот ред на училиштето, некултурно и непримерно однесување, некоректен однос и намерно оштетување на училишниот инвентар, како и спречување на повторување на повредите на ученичките должности и обврски.

Член 9
На ученикот кој не се придржува кон правилата на однесување на училиштето и не ги почитува обврските предвидени со Законот за основното образование, односно го оневозможува воспитно-образовниот процес во училиштето, неоправдано отсуствува од настава, недоволно се залага во извршувањето на ученичките обврски, има некоректен однос кон соучениците и кон наставниците и вработените во училиштето, го оштетува или уништува училишниот инвентар, корегира или уништува педагошка документација и друго, му се изрекува една од следните педагошки мерки:

1. Писме
на опомена
3.Укор
4.Преместување на ученикот во друга паралелка
5.Намалување на поведението

Член 10
При повреда на обврските и должностите на ученикот, во една постапка може да се изрече само една педагошка меркс.
Пред изрекување на педагошка мерка одделенскиот наставник, предметниот наставник, одделенскиот раководител, стручните соработници, а по потреба и директорот задолжително разговара со ученикот и родителот/старателот за причините поради кои ќе му се изрече педагошка мерка.

Член 11
Доколку по обавениот разговор со ученикот, неговиот однос не се промени во позитивна смисла, ќе се пристапи кон изрекување на педагошка мерка, во зависност од последиците што се предизвикани од несоодветното однесување на ученикот, при тоа ќе се внимава

скогаш кога ќе постојат олеснителни околности на ученикот да му се изрече полесна педагошка мерка во смисла позитивно да влијае како кон него така и кон другите ученици во иднина да се воздржи од такво однесувањ, кое ќе доведе до изрекување повторно на педагошка мерка.

Член 12
Спрема учениците од прво до петто одделение се применуваат само педагошките мерки – Усмена и Писмена опомена и истите ги изрекува одделенскиот наставник.

Член 13
Спрема учениците од шесто до деветто одделение се применуваат сите педагошки мерки наведени во член 9 (девет) од овој Правилник.

Член 14
Во зависност од тежината на престапот и последиците, на ученикот ќе му се изрече и примени една од предвидените педагошки мерки.
Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Улилиштето може да повик и трети лица (социјален работник) да учествува во тимот за поддршка.

Член 15
**Усна опомена**
Усна опомена на ученикот ќе се примени поради
- Нарушување на работната атмосфера на часовите, при што смета на останатите ученици и на наставникот,
- Упатување на непристојни зборови кон наставник или ученик,
- Доцнење на наставен час до 5 (пет) минути
- Нередовно носење на ученички прибор,
- Непристојно однесување за време на посета на изложби, излети и други манифестации кои се задолжителни, односно утврдени со Програмата на училиштето.
- Неоправдано отсуство од настава од **10-15 часа,**
- Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенскиот раководител.

Писмена опомена
- Неоправдано отсуство од наства од 15-20 часа,
- Вербална расправија со соученик или наставник без никаква причина,
- Оштетување на училишниот инвентар,
- Ја нарушуваат атмосферата во другите паралелки
- Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенскиот раководител.

Укор
- Предизвикување на неред и физичка пресметка во училиштето,
- Неоправдано отсуство од настава од од 20-30 часа,
- Нарушување на работната атмосфера во одделението,
- Оштетување на училишниот инвентар,
- Невнимателен однос во текот на одржувањето на наставата,
- Некоректен однос кон дежурен наставник, ученик
- Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенскиот

раководител, одделенскиот совет, Наставничкиот совет и/или Директорот.

Преместување на ученикот во друга паралелка

- Постојано нарушување на работната атмосфера во паралелкатс,
- Оштетување на инвентарот во поголем обем,
- Постојано неизвршување на училишните обврски,
- Зачестено физичко или психичко насилство на ученици,
- Организирање на учениците во паралелкатс за колективно отсуство од настава,
- Неоправдано отсуство од настава повеќе од 30 наставни часови.
- Уништување (самоволие на ученикот) на педагошката евиденција,
- Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и/или Директорот.

Намалување на поведението на:

Добро, поради

- Неоправдано отсуство од 30-35 наставни часови,
- Некоректен однос кон соучениците, наставниците и другите вработени,
- Оштетување на инвентарот во училиштето и надвор од него,
- Често предизвикување на физичко и психичко насилство во

училиштето Б) Незадоволително, поради

- Неоправдано отсуство од настава повеќе од 35 наставни часови,
- Оштетување на инвентарот во поголеми размери,
- Исклучително некоректен однос кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето,
- Преправање и уништување на педагошката документација.
- Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и/или Директорот

Член 16

Изрекувањето на педагошките мерки од член 9 точка 4 и 5, од овој Правилник е по предлог на одделенскиот раководител.

Поради изрекување на педаошките мерки од овој Правилник, органот кој ја донесол педагошката мерка е должен да води сметка за индивидуалните особини на ученикот на кој се изрекува педагошката мерка, посебно за неговите емоционални особини како и приликите во неговото семејство и средината во која живее и работи.

Член 17

За секоја изречена педагошка мерка на ученикот се известува родителот односно старателот во рок од 3 (три) дена од денот на донесувањето. (Доколку изречената педагошка мерка е за оштетување на училишниот инвентар, родителот односно старателот на ученикот, е должен да ја поправи или надомести.)

Член 18

За изречените педагошки мерки од член 9 од точка 3 до точка 5 од овој Правилник, родителот односно старателот може да поднесе приговор во рок од 7 (седум) дена од денот на известувањето.

Приговорот го одлага извршувањето на педагошката мерка. Приговорот се поднесува до Училишниот одбор.

Училишниот одбор во рок од 8 дена од денот на приемот на Приговорот одлучува по истиот.
При одлучувањето Училишниот одбор може да ја потврди изречената педагошка мерка, да ја поништи, укине или замени со друга полесна педагошка мерка.
Одлуката на Училишниот одбор е конечна.

Член 19

Изрекувањето на педагошките мерки од член 9 на овој Правилник не смеат да бидат последица на освета, застрашување, понижување на ученикот, ниту повреда на неговите вредности.

Член 20

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

Член 21

Педагошките мерки од член 9 од точка 1,2,3 и 5 на овој Правилник важат до крајот на учебната година во која се изречени.
Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

# Резиме или краток полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш, за учебната 2025/2026 година

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш во првото полугодие од наставната 2025/2026 година се реализираше според Годишната програма за работа на училиштето, разгледана на Наставничкиот совет и усвоена на седницата на Училишниот одбор, одржана на 21.07.2025 година според Календарот за организација на наставата за учебната 2025/2026 година, донесен од МОН на Р.Македонија.

Наставната година започна на 01.09.2025 година, а првото полугодие заврши на 31.12. 2025 година. Зимскиот распуст за учениците започна на 01. 01. 2026 година и траеше до 19.01.2026 година. Во текот на првото полугодие, вкупно работни недели беа 17, настава не се реализираше за време на државните и верските празници.

Пред почетокот на наставната година беа реализирани следните подготовки:

- изработка на Годишната програма за работа на училиштето;
- распределба на часови по наставни предмети во јуни;
- распределба на одделенски раководства во јуни;
- поделба на задолженија (одговорни наставници на стручните активи,
- комисии за изведување на одделенски испити и др. комисии);
- изработка на распоред на часови
- изработка на распоред за дополнителната и додатната настава
- изработка на глобални и тематски планирања во кои се интегрирани и содржини од еко стандардите.

Во училиштето се образуваат ученици од македонска и турска националност. Воспитно-образовната дејност во училиштето ја реализираат 86 наставника, педагог, психолог, секретар, библиотекар и Директор на училиштето. А за хигиената се ангажирани 15 хигиеничари.

Од страна на сите наставници беа изработени и предадени, годишни, глобални и тематски распределенија. Годишен план за работа е изработен од Директорот, психологот, педагогот, библиотекарот и сите стручни активи. Во текот на годината, наставниците изработуваа писмени подготовки за наставен час по сите наставни предмети. Наставната програма е реализирана по сите предмети. Освен редовна настава, наставниците реализираа и дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаби резултати во учењето, а додатна за учениците кои покажуваат зголемен интерес за проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.

Наставниците се групирани во активи:

- Одделенска настава
- Предметна настава и тука припаѓаат:
- Македонски јазик и литература;
- Турски јазик и литература;
- Странски јазик;
- Математика и информатика;
- Природни науки (хемија, физика, билогија и географија)
- Општествени науки (историја, граѓанско, етика и сл.)
- Спорт и спортски активности, ликовно и музичко образование и сл.

Стручните активи во текот на учебната година на своите состаноци го разгледуваа и анализираа успехот и редовноста на учениците, предлагаа мерки за подобрување на истите и ги усогласуваа критериумите за оценување.

Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени групна, индивидуална и друга форма на работа. Во наставата покрај усното проверување користени се контролни вежби, писмени работи и тестови кои беа планирани на почетокот на годината. Во зависност од програмата учениците се оценети или описни или бројчано. Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот, стручната служба и родителите, беа одржани индивидуални и 3 родителски средби. На родителските средби родителите беа запознати со условите за работа, Наставниот план и програма, распоредот за реализација на редовната настава, успехот, редовноста и дисциплината на часовите и други тековни прашања како на пример: задолжувањето со бесплатни ученици, осигурувањето на учениците и набавувањето на работна облека за учениците сл.. Родителите преку родителските одбори, а и на самите родитеските средби беа вклучени во сите активности од целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

Директорот на училиштето ги реализира задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на Директорот и други тековни работи кои произлегоа од соработката со Секторот за образование на Град Радовиш, МОН, БРО и пошироката општествена заедница. Во текот на работата Директорот заедно со педагогот и психологот потсетија на имплементирање на активни наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на стручен развој и обавуваа педагошки разговори со наставниците. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната работа во училиштето: воспитно-образовниот процес, техничко – материјалните услови за работа, кардовската политика, финансиската итн.

Наставничкиот совет на состаноците го разгледуваа успехот, редовноста и поведеннието на учениците, изрекуваа педагошки мерки, соработуваа со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблеми со редовноста и дисциплината на учениците.

Наставничкиот совет на училиштето одржа 5 состаноци на кои беа разгледувани успехот, редовноста и дисциплината на учениците, беа изрекувани педагошки мерки и пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците. На состаноците беа разгледани: годишниот извештај за работа, годишната програма, правилници, молби, разни информации, актуелните ситуации и други тековни работи.

Соработката со **Советот на родителите** се одвиваше континуирано во текот на целото полугодие. Родителите беа директно запознати и вклучени во сите активности на училиштето.

Советот на родители разгледуваше прашања од животот и работата на училиштето, го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците, соработуаше со директорот, наставниците, психологот и педагогот, учествуваше во организација на ученички екскурзии и со свој претставник учествуваше во работата на Училишниот одбор. Советот меѓудругото донесе одлука за осигурување на учениците во осигурителна компанија. На сите состаноци ја разгледуваа безбедносната состојаба во училиштето при што проценија дека е на високо ниво благодарение на преземените мерки, но со препорака родителите, учениците и наставниците да ја истакнуваат потребата од поголема меѓусебна толеранција и почитување помеѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Покрај редовната настава во училиштето се реализираа часови за дополнителна и додатна настава и многубројни воннаставни активности.

**Техничко –материјални услови**

Со цел за подобрување на условите за реализација на воспитно-образовната работа, естетскиот изглед и целокупната клима во училиштето во текот на учебната година се реализираа следните активности:

- Средување на училишнот двор, дезинфекција на санитарните јазли, молерисување на училниците во училишната зграда, бојадисување на ходниците со мрсна боја, замена на расветлувачки тела – неонки
- Генерална дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории во училишната зграда
- Набавување на средства за одржување на хигиената.
- Поправка на училишниот инвентар
- Набавка на нагледни средства за подобрување на условите на работа.

**Соработка**

**Соработка со МОН, Секторот за образование на Град Радовиш и БРО.**

За успешна реализација на целокупната работа во училиштето неминовна беше соработката со МОН, Секторот за образование и БРО. Беа проследени и разменети многу извештаи, податоци и други инфор мации. Беа организирани обуки и семинари.

- Соработка со Здравствен дом –Радовиш –

извршени се систематски прегледи на вработените учениците и вакцинации.

- Соработка со МВР
- Соработка со други училишта
- Посета на театарски претстави

**Проекти**

- спроведување на проектот **„Инклузија на деца со посебни образовни потреби“** од страна на здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ поддржан од **детската фонадација Песталоци;**

**-Мултиетничка интеграција во образованието“**

**Драмски и рецитаторски проекти:**

Во рамките на Патрониот празник на училиштето беше реализирана театарска претстава во изведба на учениците од осмо и деветто одделение.

**Натпревари**

Учениците од нашето училиште учествуваа на ликовни и литературни натпревари по повод патроните празници на општинските училишта.
Натпревар за ораторски вештини за учениците од деветто одделение и средно образование.
Исто така ќе напоменеме дека нашите наставници и ученици во текот на првото полугодие работеа на подготовки за претстојните натпревари имајќи предвид дека поголемиот број се одржуваат во второто полугодие.

**Општествено - корисната работа и унапредување на здравјето на учениците**

Во рамките на општествено-корисната работа учениците учествуваа во еколошки акции за уредување на училишниот двор и училишните простории. Во реализација на содржините од подрачјето за заштита и унапредување на здравјето на учениците беа реализирани систематски прегледи за учениците и вакцинација против морбили.

**Активностите на училишниот парламент**

Ова Прво полугодие во учебната 2025/256година училишната заедница на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш одржаа две формални и неколку неформални состаноци.
Беа избрани претседателот на училишниот парламент како и училишниот правобранител.
Исто така заедно со одговорните наставници и стручни соработиници за водење на училишниот парламент за „Недела на детето“ изработија плакати на кои беа испишани правата на детето од „Конвенција за права на детето“ усвоена од Обидинетите Нации.

**Заклучоци и предлог мерки за понатамошно делување**

Извештајот за работата на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш за Првото полугодие од учебната 2025/2026 година според изнесените податоци сугерира одредени заклучоци:
- Условите во кои работи училиштето се во согласност со Законот за основно образование на РСМ. Потребни се заложби од МОН на РСМ, Локалната самоуправа, Советот на родители и Училишниот одбор за понатамошно подобрување.
- Стекнатите знаења од обуките кои ги посетија и ги посетуваат наставниците активно се инплементираат во наставата и влијаат врз мотивацијата на учениците.
- Средниот успех на учениците кој изнесува **3,7** е во согласност со обидите на наставниците да се почитуваат стандардите и критериумите на оценувањето и објективноста при оценувањето.
- Продолжува трендот на соработка со родителите кои се вклучуваат во сите аспекти од работењето на училиштето.
- Родителите кои беа поканувани на советување редовно ги посетуваа средбите и активно учествуваа, што резултираше позитивно на намалување на слабите

оценки кај учениците.

- Очекуваме тимското делување на релацијата наставник-ученик-родител во иднина да донесе уште поголеми резултати во интерес на учениците.

- .Да се продолжи со редовно изведување на дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности со цел да се влијае на успехот, редовноста, личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. Особено внимание ќе се обрне во работата со учениците на дополнителна настава по предметите кај кои средниот успех е послаб.

- Запазување на континуитет во ангажирање на наставничкиот кадар за примена ИКТ и на современи методи и форми за работа за унапредување на наставата.

- Интензивирање на воспитната компонента преку наставните содржини со цел формирање на позитивни вредности и ставови кај учениците.

***в.д. директор***

***Орце Трајанов***